

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА 8 ОДДЕЛЕНИЕ

• ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЦИ •

Оваа публикација е подготвена од работна група на претставници од Бирото за развој на образованието, Македонскиот центар за граѓанско образование, Младински образовен форум, како и универзитетски професори, наставници и претставници од граѓанскиот сектор, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на публикацијата не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Активностите за изработка на содржината на публикацијата беа реализирани во рамки на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (имплементиран од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието и Проектот јакнење на мултиетничката соработка во општините на Детската фондација Песталоци.

Бирото за развој на образованието и Македонскиот центар за граѓанско образование сакаат да ја изразат својата благодарност до сите експерти, соработници, ученици, наставници, родители и пријатели кои дадоа значаен придонес во подготвувањето на овој Водич.

**Соработници кои учествуваа во развој на содржината на публикацијата**

Анита Ангеловска, Дона Костуранова, Татјана Стојаноска Иванова, Жанета Чонтева, Илир Мемеди, Куштрим Ахмети, Оливер Станојоски, Томислав Гајтановски, Хари Стојаноски, Сандра Анастасовска, Емилија Ветероска, Маја Цветаноска, Лорета Георгиева, Сара Кајевиќ, Ана Мицковска Ралева, Небојша Мојсоски, Бесник Рамадани, Дејан Ризински, Боре Пуцоски, Тулаха Тахир, Беса Речи, Лири Старова, Џевахире Пруси Зајази, Бојан Димески, Драгана Урумовска.

**Стручна редакција**
Митко Чешларов, Ајше Ајрулаи, Горица Мицковска, Алма Тасевска, Марко Кртолица

**Наслов**
Водич за ученици за Граѓанско образование за 8 одделение

**Издавач**
Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)

**Лектура**
Катица Трајкова

**Дизајн**
КОМА

**Печатница**
Европа 92

**Тираж**
1600

CIP – Каталогизација на публикацијата
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

373.3.035-057.874(036)

ГРАЃАНСКО образование за VIII одделение : водич за ученици. - Скопје : Македонски центар за граѓанско образование, 2019. - 130 стр. : илустр. ; 30 см

Библиографија: стр. 126-129

ISBN 978-608-4529-74-3

а) Граѓанско образование - Ученици - Основни училишта - Водичи COBISS.MK-ID 109788682

# СОДРЖИНА


Тема 1 ПРЕТСТАВА ЗА СЕБЕ КАКО ГРАЃАНИН ........ 6

Тема 2 СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ........ 20

Тема 3 ГРАЃАНИНОТ И ОПШТЕСТВОТО ........ 36

Тема 4 РЕЛИГИЈАТА, УМЕТНОСТА И МЕДИУМИТЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ........ 68

Тема 5 ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА ........ 88

Тема 6 ГРАЃАНИНОТ И СВЕТОТ ........ 106

# ВОВЕД

*Драги ученици,*

Пред вас се наоѓа Водичот за ученици за Граѓанско образование за 8 одделение, кој се надеваме ќе ве инспирира и ќе ве предизвика да размислувате за вас и за вашата улога во општеството и светот.

Читајќи го Водичот ќе имате можност да тргнете од претставата за себе како граѓанин, а потоа да размислите за соработката и поврзаноста со другите граѓани во заедницата. Низ содржините ќе научите кои се вашите права, но и одговорностите во општеството и како може да бидете вклучени во процесите на одлучување на локално и национално ниво. Водичот ќе ве воведе во најзначајните процеси помеѓу државата и граѓанинот, но и врската помеѓу граѓанинот и светот.

Учејќи го предметот Граѓанско образование се очекува вие, учениците, да станете активни и информирани граѓани, кои придонесуваат за развој на својата заедница. Токму затоа, овој Водич има содржини што ги зголемуваат вашите знаења и разбирања, но нуди и активности за време на часот, во училиштето и во локалната заедница. Активностите се креирани за да ве инспирираат да анализирате и критички да размислувате за светот што ве опкружува и истовремено, да ве поттикнат да се ангажирате за подобрување на заедницата преку волонтирање и младински активизам. На тој начин се очекува да развиете граѓанско однесување и да бидете истрајни во остварување на своите граѓански права и одговорности.

За крај, содржините од Водичот ќе придонесат да ги зајакнете тимскиот дух, соработката и интеграцијата со вашите врсници и заедно да создадете подобро општество.

Тема 1

# ПРЕТСТАВА ЗА СЕБЕ КАКО ГРАЃАНИН

**Целта на оваа тема** е да се разбере поимот идентитет, да се вреднуваат сопствените карактеристики и да се поврзат сопствените особини со однесувањето во различен граѓански контекст.



# *Што е идентитет* и КАКО СЕ ГРАДИ ИДЕНТИТЕТОТ?

Градењето на идентитетот на личноста започнува од моментот на раѓање и се одвива во текот на целиот живот. Свеста за себе, за тоа дека сме посебни и различни, но истовремено и слични по многу работи со другите луѓе, се развива од најрана возраст. Тоа е почеток на процесот на градење на **личниот** и на **групниот идентитет**, на кој му следуваат периоди во кои разновидни интереси, желби и потреби имаат различна важност за личноста, а со тоа и различно влијание врз развојот на нејзиниот идентитет.

### *На пример:*

Кога Сара беше петто одделение ѝ беше многу важно да биде одлична ученичка и многу време поминуваше во учење. Во осмо одделение, важно ѝ е исто така да биде прифатена во друштвото и затоа дел од времето го поминува во комуникација и дружење. Сара сака да биде успешна ученичка, но истовремено интересна во друштвото, што е многу важен дел од нејзиниот идентитет.

Некои од **факторите** што влијаат врз формирање на идентитетот однапред се одредени, како на пример: пол, физички особини, место на раѓање. Други фактори се подинамични и самата личност и околината може да влијаат врз нив, како на пример: местото на живеење, културата, образованието, професијата, партнерските и пријателските врски, припадноста на социјални групи, вредностите, интересите и сл. Колку и како тие ќе влијаат врз формирање на идентитетот зависи од тоа како нив ги доживува самата личност и колкава важност им придава во дадени ситуации.

Во развојниот период младите се во интензивна потрага по сопствениот начин на изразување и клучното прашање на кое бараат одговор е: **КОЈ СУМ ЈАС?** Одговорот на ова прашање зависи од опкружувањето и улогите што младите ги имаат во различните социјални групи – семејството, училиштето, врсниците и во поширокатa заедница.

**ЛИЧНИОТ ИДЕНТИТЕТ** се темели на идејата дека секој поединец е единствен и различен, односно специфичен во однос на другите луѓе. Идентитетот произлегува од особините на личноста, како и од односите со другите луѓе. Поконкретно, личниот идентитет се темели на вредностите, идеите, емоциите, целите на поединецот, но и на споредбата со другите. Тој дава чувство дека јас сум некој кој е посебен и различен од другите и дека и покрај промените во текот на животот се доживувам дека сум истиот.

Идентитетот, исто така, се определува и преку потребата да се припаѓа или да се биде заштитен како припадник на одредена група. Младите за да се разберат подобро себеси ги истражуваат сопствените чувства и потреби и ги споредуваат со оние на другите. Така согледуваат каде и на каков начин припаѓаат, како се разликуваат и како се поврзуваат со другите.

Со цел да ја најдат сопствената позиција во различните улоги што ги имаат (тие се деца, ученици, соседи, другари, членови на спортски клуб и сл.), важно е да развијат вештини што ќе им помогнат да ги направат вистинските избори во однос на прашањата како што се: Што сакам за себе? Како можам да го постигнам тоа што го сакам? Каков/каква сакам да бидам?

Сите ние припаѓаме на одредени групи. Некои од нив имаат одредена структура и се организирани со посебни задачи на членовите. Тоа се формални групи, како на пример спортски клуб, училишна секција по одреден предмет, извиднички одред, невладина организација, училишна заедница, младински клуб и сл. Исто така, постојат и неформални групи. На дел од нив припаѓаме со своето раѓање или со сличноста на интересите што ги имаме со другите. На пример, група врсници, група љубители на природата или на одреден вид музика и сл.



***На пример:***



Кога сме дел од група навивачи на спортски тим и тимот ќе изгуби натпревар, ние сме тажни, а кога ќе победи – горди и среќни.

Чувството на посебност на членовите што ѝ припаѓаат на одредена социјална група и прифаќање на она што неа ја издвојува од другите го означува **групниот идентитет**. Припадноста кон одредена група е поврзана со личната сигурност како едно од најважните чувства што нè мотивираат да дејствуваме. Освен тоа, припадноста е поврзана со други многу значајни емоции – гордост, срам, задоволство, страв, среќа, тага, љубов итн.

Емоционалниот аспект на нашиот групен идентитет е важен затоа што претставува основа за нашето однесување и севкупната добросостојба.

Важноста што ја припишуваме на одреден групен идентитет зависи од ситуацијата во која се наоѓаме. И тоа може да се објасни на следниот начин:

***На пример:***

Арт е машко, ученик, има 14 години, постар брат е, од Битола. Колку некој од овие идентитети ќе му биде важен зависи од конкретната ситуација во којашто се наоѓа. Во ситуација кога е член на спортска државна репрезентација на меѓународен натпревар, тој се претставува дека е од Република Северна Македонија. Ако е во ново друштво во кое се разговара за музика, тој споделува дека сака рап. Кога е дома, како постар брат ѝ помага на својата помала сестра околу домашните задачи и подготвува добри пици. Значи, кој од неговите групни идентитети ќе му биде важен во определена ситуација и ќе го истакне, се менува во зависност од ситуацијата.

Кога се во прашање групните идентитети, актуелни се дискусиите во врска со родовите улоги и формирањето на родовиот идентитет. За да го разбереме овој поим, треба најпрво да ја разбереме разликата помеѓу половите и родовите карактеристики. Половите карактеристики се однесуваат на биолошките разлики помеѓу жените и мажите, додека родовите карактеристики се формираат во текот на растењето и созревањето. Во секојдневниот живот, најчесто од момчињата и од девојчињата се очекува да се однесуваат на различен начин под влијание на средината и очекувањата на другите.

Општеството одредува различни улоги на мажите и жените врз основа на нивниот пол, иако најголем дел од работите кои тие ги извршуваат не зависат од полот. На пример, во најголем дел од рекламите за средства за чистење, жените се прикажани како оние што се грижат за домот, иако домашните обврски треба да бидат заедничка грижа на сите членови во семејството, без разлика на полот. Па така, мажите и жените можат еднакво добро да го чистат домот и еднакво добро да сменат гума на автомобил.

**Родовите улоги** се однесуваат на тоа како општеството гледа на улогата на девојчињата и момчињата, жените и мажите, додека **родовиот идентитет** се однесува на личното доживување за сопствениот род. Родовите улоги не треба да нè ограничуваат да ги правиме работите што ги сакаме.



***На пример:***

Најуспешниот лизгач на мраз Евгениј Плушенко не би бил толку успешен доколку бил ограничен од средината да се занимава со уметничко лизгање, кое во минатото се сметало за типично женска активност. Познатата научничка Марија Кири Склодовска не би добила Нобелова награда за физика и хемија доколку не била упорна и посветена на науката, иако времето во кое живеела наметнувало ограничувања за професиите со кои може да се занимаваат жените.

Затоа, многу е важно секој да прави избор врз основа на сопствените желби, интереси и потреби, што во современото општество гради родова еднаквост како значајна граѓанска вредност.

Припадноста на определена етничка група, прифаќањето на карактеристиките на таа група и чувството на поврзаност со неа го означуваат **етничкиот идентитет.** Етничкиот идентитет се поврзува со припадноста кон одредена етничка група, додека националниот идентитет со постоење на држава и припадност кон неа.

### *На пример:*

Во светот постојат над 5000 етнички идентитети (на пр. Италијанци, Македонци, Албанци, Турци, Финци, Роми, Пунџаби, Зулу, Тутси, Курди итн.), но нема толку национални идентитети, бидејќи има само околу 200 држави.

Припадниците на одредена етничка група ги поврзува заедничка историја, потекло, традиција, што ги прави да бидат цврсто поврзани помеѓу себе. Сличен на етничкиот е **националниот идентитет**. Националниот идентитет е важен дел од групниот идентитет којшто произлегува од чувството на припадност на одредена држава, во која е можно да живеат повеќе етнички групи.

Граѓанинот развива чувство на припадност кон сопствената држава, кон вредностите што таа ги промовира и кон други индивидуи што живеат во неа и ги споделуваат тие вредности. Уредувањето на државата и функционирањето на институциите влијае врз чувството на припадност кон државата. Република Северна Македонија е држава што им припаѓа на сите што живеат во неа и Уставот им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет.



# Знаевте ли дека...

**1**

Психологот Ерик Ериксон го смислил терминот **„криза на идентитет“**. Младите, но и возрасните можат да минат низ периоди во кои личноста доживува збунетост или несигурност. На пример, младите се соочуваат со промени во изгледот, започнуваат повеќе да размислуваат за тоа кои се тие всушност, им станува многу важно што мислат другите за нив и сл. Сите овие работи влијаат врз личноста и нејзиниот личен идентитет. Некои од промените се минливи, а некои може да бидат трајни.

**2**

Вообичаено продавниците за играчки имаат рафтови со **„машки“** и **„женски“** играчки и на тој начин го поддржуваат мислењето дека момчињата и девојчињата имаат различни интереси и треба да се подготвуваат за различни улоги кога ќе станат возрасни. Но, во 2012 година една продавница за играчки во Шведска одлучува да започне со комбинирање на различни видови играчки за да може секое дете да го избере она со што сака да си игра, а не она што средината го наметнува како соодветно за неговиот/нејзиниот пол. Оттогаш и други продавници започнуваат да го следат овој пример.

# Активност на час

## Најпрво размисли за прашањето: *Кој сум јас?*, а потоа дополни ги речениците:

- Мои главни интереси се ..............................................................................................
- Мои главни вредности се ..............................................................................................
- Мои главни потреби се ..............................................................................................
- Најзначајни настани во мојот живот се ..............................................................................................
- Најважни особини што сум ги стекнал од најблиските се ..............................................
- Најзначајно искуство од училиштето за мене е..............................................................
- Моите најдобри другари се ..............................................................................................
- Мое омилено хоби е ..............................................................................................
- Моја омилена песна е ..............................................................................................

## Потоа размисли и одговори на следните прашања:

- Дали ти беше тешко да ги довршиш тврдењата? Зошто?
- Што мислиш, што може да помогне за да се осознаеме себеси и колку време е потребно?
- Дали некоја изјава од горенаведените мислиш дека може да се промени за 5 години од сега? Објасни.

## *Што влијае врз мојот идентитет?*

- Размисли за тоа кои се петте клучни фактори што влијаат врз градењето на твојот идентитет? Некои од факторите што влијаат на овој процес се: полот, возраста, изгледот, потеклото, семејството, здравјето, особините на личноста, искуството, вредностите, целите, одлуките, интересите, животниот стил, односот на другите кон тебе (родители/старатели, другари, наставници, тренери...), разни социјални групи итн.

# ЛИЧНИ И ГРУПНИ *карактеристики*

Луѓето меѓу себе се разликуваат во однесувањето, интересите, вкусовите, навиките, обичаите и друго. Нема двајца целосно исти луѓе, ниту пак двајца целосно различни. Разликите меѓу луѓето го прават светот побогат, интересен и нудат можност за учење, меѓусебно надополнување и развој. Сите луѓе со својата комбинација на карактеристики, што се однесуваат на изгледот, способностите, мислењето, уверувањата, потребите, интересите, придонесуваат кон збогатување на заедницата.

Секако дека луѓето имаат и голем број сличности. Некои луѓе иако живеат во различни услови и средини може да имаат исти интереси или хобија. Најважно нешто по коешто луѓето се слични се нивните потреби за безбедност, почитување, пријателство, љубов, игра, забава, самоостварување и други.

Секој од нас има особини, постапки и однесувања што ни се допаѓаат и што не ни се допаѓаат. Понекогаш е тешко да се истакне и да се зборува за она што ни се допаѓа кај себе и она на што сме горди поради стравот да не изгледаме како фалбаџии, а и поради тоа што сме несигурни дали и како тоа ќе биде прифатено од средината. Во процесот на растење учиме како да го покажеме тоа што го цениме кај себе без страв и несигурност.

Различни луѓе може различно да ги вреднуваат нашите особини и тоа е нормално. Понекогаш е важно да знаеме како нè вреднуваат другите и да се обидеме да погледнеме и низ нивните „очила" за да го разбереме подобро сопственото однесување и последиците што тоа ги остава врз другите.

Обично избираме да го претставиме мислењето што за нас го дава група која најмногу ни значи, односно најдобро нè познава. Немаат сите од околината исто мислење за нас, бидејќи со различни луѓе споделуваме различни свои аспекти од живеењето и личноста. Не мора секогаш мислењето на другите да се совпадне со она што ние самите го имаме за себе, бидејќи некои аспекти од нашата личност не им се познати на повеќето луѓе, а некои им се познати само на блиски луѓе или само нам.

# Знаеве ли дека...

**1**

**Самоекспресија** е наоѓање начин да се изразиме себеси, нашата личност, чувства, мислења, преку зборови, музика, уметност или која било друга активност преку која ќе го искажеме она што е автентично и оригинално за нас.

**2**

Во 1995 година Советот на Европа започна со кампања чие мото е изреката **„Сите различни – сите еднакви“**. Целта на оваа кампања беше да одбележи 50 години од завршетокот на Втора светска војна и да ја истакне борбата против сите форми на дискриминација.

# Активности на час

## Активност 1:
## Што ми се допаѓа, а што не ми се допаѓа кај мене?

Размисли за тоа кои твои особини, интереси, навики, вредности, релации со луѓе, постигнувања ти се допаѓаат, а кои не ти се допаѓаат. Потоа пополни ја табелата на другата страна. За секоја наведена работа во секој ред посебно процени најпрво дали тебе ти се допаѓа или не, а потоа процени како тоа го доживуваат твоите родители/старатели и другари.

На пример, ако напишеш дека ти се допаѓа тоа што секогаш имаш напишано домашна задача, тогаш во колоната „Јас“ означуваш со × дека ти се допаѓа; кај родителите/старателите доколку сметаш дека тоа им се допаѓа, означуваш со × во соодветната колона; кај другарите доколку сметаш дека тоа не им се допаѓа, означуваш со × во соодветната колона (види пример во табелата).

Потоа, со ученикот до тебе споделете ги одговорите. Презентирајте си еден на друг по две работи што ви се допаѓаат, односно не ви се допаѓаат кај себе, а потоа и една или две работи каде што постои разлика во одговорите што ги дал ученикот за себе во однос на проценката од родителите/старателите и другарите.



*Табела бр. 1.*

**Што ми се допаѓа, а што не ми се допаѓа кај мене**

| ОСОБИНИ, ИНТЕРЕСИ, НАВИКИ, ВРЕДНОСТИ, РЕЛАЦИИ СО ЛУЃЕ, ПОСТИГНУВАЊА... | ЈАС | | РОДИТЕЛИ/ СТАРАТЕЛИ | | ДРУГАРИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ми се допаѓа | Не ми се допаѓа | Им се допаѓа | Не им се допаѓа | Им се допаѓа | Не им се допаѓа |
| Секогаш ја пишувам домашната задача | × | | × | | | × |
| Кога ќе се договориме со другарите, обично јас прв пристигнувам на договореното место и потоа ги чекам другите | | × | × | | × | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |



## Потоа одговори на следните прашања:

- Што ти беше потешко да напишеш – работи што ти се допаѓаат кај себе или што не ти се допаѓаат? Зошто?
- Колку често ги покажуваш работите што ти се допаѓаат кај себеси?
- Како се справуваш со работите што не ти се допаѓаат кај себеси? Колку ги покажуваш? Се обидуваш ли да ги поправиш?
- Дали секогаш она што нам ни се допаѓа истовремено е и позитивно вреднувано и од другите? Кои се причините за разликите во вреднувањето?

## *Активност 2:* Истражувачка активност: Групни идентитети

Внимателно разгледај ја табелата бр. 2 – Групни идентитети. Потоа, замисли си дека треба некому да му кажеш кој си, употребувајќи само три од понудените категории на идентитет што најдобро те опишуваат.

По изборот на трите категории, рангирај ги според важноста, така што со 1 ја означуваш категоријата што ја сметаш за најважна кога треба да се опишеш себеси, со 2 помалку важната и со 3 најмалку важната категорија.

### *Табела бр. 2.* Групни идентитети

| КАТЕГОРИИ НА ИДЕНТИТЕТ Јас сум... | Рангирај од 1 до 3 според важност |
|---|---|
| спортист/ка | |
| волонтер/ка | |
| извидник/чка | |
| машко/женско | |
| ученик/чка | |
| уметник/чка | |
| гејмер/ка | |
| син/ќерка/брат/сестра/единец | |
| Македонец/ка Албанец/ка<br>Турчин/ка Влав/Влаинка<br>Србин/ка Ром/ка<br>Бошњак/Бошњачка друго (дополни)...................... | |
| од ................................................ (напиши ја државата) | |
| од ................................ (напиши го местото, село/град) | |
| човек | |

**Следно, спореди ги твоите одговори со другите ученици во паралелката и одговори на следните прашања:**

- Дали ти беше тешко да издвоиш три категории? Како се определи за нив? Зошто баш тие ти беа најважни?
- Дали мислиш дека ова рангирање може да се промени во иднина?
- Дали твоето рангирање се разликува во однос на другите ученици во паралелката? Објасни.

# Активност во училиште

**Организирајте се во група** и со поддршка на наставникот спроведете активност во училиштето во однапред договорен простор и време. Треба да поставите три хамери и три фломастери на определено место во училиштето. Поканете ги другите ученици и наставници да напишат како се чувствуваат во однос на:

- моментално расположение (на пример: се чувствувам енергичен, изморен, оптимистички, среќен, несигурен, исплашен, итн.);
- омилена музика;
- омилен десерт;
- омилена активност во училиште;
- што прво ми доаѓа на памет, кога помислувам на моето училиште?

**Целта на оваа активност** е да се научи дека врз градењето на идентитетот влијаат заемно поврзани фактори од секојдневниот живот па според тоа ќе имате можност критички да анализирате различни влијанија врз формирањето на нечии мислења и однесувања.

# *Тема* 2 СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

*Целта на оваа тема* е да се разберат сличностите и разликите помеѓу луѓето, како и придобивките од соживотот во мултикултурно општество.



# *Сличности и разлики меѓу* ЛУЃЕТО ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Основна карактеристика на **граѓанското општество** е правото на сите граѓани да учествуваат во општествениот живот. Тоа е еден од основните столбови на демократијата. Ова значи дека секој граѓанин, на различен начин (преку гласање, здружување во граѓански организации, волонтерски активности и сл.), може да одлучува или да учествува во одлуките што придонесуваат кон создавање услови за развој и за квалитетен живот. Уште една карактеристика на граѓанското општество е, исто така, многу важна, а тоа е почитувањето на основните принципи на слобода, правичност, рамноправност, почитување на разликите и правата на сите луѓе.

Нашата земја е демократско, граѓанско општество каде што заедно живеат повеќе култури и почитувањето на овие принципи е загарантирано со Уставот, како највисок правен акт.

Кога велиме дека во нашата земја живеат припадници на различни култури, мислиме на припадници на различни етнички заедници, различна вероисповед, припадници што зборуваат различен јазик и сл. Сите тие култури се специфични и се меѓусебно слични, но и различни.

## *Што треба да знаеме за културата?*

Под **култура** се подразбира начинот на живот на припадниците на одредено општество или пак на одредени групи во рамките на самото општество. Тоа значи дека кога велиме култура, не мислиме само на музика, уметност, литература и сл. Културата го опфаќа и начинот на којшто луѓето во одредено општество комуницираат меѓу себе, начинот на кој се облекуваат, што и како јадат, обичаите поврзани со венчавките или, пак, семејното живеење, начинот на извршување на работата, религиозните

церемонии, па дури и исполнувањето на слободното време. Елементите на културата можат да бидат верувања, идеи, усни преданија и вредности, но и архитектонски објекти (згради, споменици), симболи, уметнички дела (слики, скулптури) или пак технологија и сл.

Основно за секоја култура се идеите коишто одредуваат што е она што се смета за важно, вредно и пожелно. Овие апстрактни идеи ги претставуваат **вредностите** кои припадниците на одредена култура ги негуваат и според кои се раководат во нивното однесување и дејствување во општеството во кое живеат. Додека вредностите претставуваат идеи за тоа што е исправно или погрешно, **нормите** претставуваат правила на однесување што ги рефлектираат или пак втемелуваат културните вредности. Вредностите и нормите, заеднички го оформуваат начинот на којшто членовите на одредена култура се однесуваат во нивното опкружување.

### *На пример:*

Во Јапонија е сосема прифатливо кога се јаде супа гласно да се срка, додека пак во многу други култури ова се смета за непристојно однесување. Кај нас палец дигнат нагоре означува нешто позитивно, но во Малезија тој гест се смета за крајно навредлив.

Рековме дека сите култури се разликуваат една од друга, но сепак секоја култура е еднакво значајна. Интересно е да се знае дека едни исти предмети, активности или настани во различна култура може да имаат различно значење. На пример, во одредени култури белата боја е знак на радост и прославување на убави мигови, а во друга култура е знак на тага. Многу често, културните разлики знаат да бидат причина за **конфликт** и тоа најчесто се случува кога припадниците од една култура многу малку или, пак, воопшто не знаат ништо за другата култура.

Живееме во време кога мешањето на културите е неизбежно. Една од причините којашто придонесува кон ова е сè поголемата образовна **мобилност**, која подразбира стекнување на образование во рамките на друга земја (според тоа и во друга култура); друга причина е поголемата мобилност на пазарот на трудот (луѓе од една земја работат во друга); потоа визната либерализација којашто дава можност за патување по светот и запознавање на нови култури; и интернетот. Кога се создаваат услови за мешање на културите, неизбежно се отвора простор за комуникација меѓу припадниците на различните култури. На тој начин тие меѓусебно се запознаваат и имаат можност да осознаат дека освен разлики имаат и многу сличности, се среќаваат со исти животни предизвици и имаат слични потреби и интереси.



### *На пример:*

Кога Денис отиде на размена на ученици во Германија беше многу тажен што ги напушта другарите и беше многу загрижен како ќе се вклопи во новата средина. Не беше сигурен дали ќе стекне нови другари бидејќи многу малку го знаеше јазикот, не знаеше многу за културата на земјата и за интересите на младите таму. Се плашеше дали воопшто ќе биде прифатен од неговите врсници. Кога започнаа часовите, на почетокот имаше проблем да се вклопи, меѓутоа како што се запознаваше со соучениците сфати дека имаат слични интереси – слушаат иста музика, гледаат исти филмови, играат исти игри на компјутер. Ова го охрабри Денис полесно да комуницира со врсниците, да сподели некои работи за себе, што беше клучно во процесот на воспоставување на пријателски врски и подобро меѓусебно запознавање.

Комуникацијата и запознавањето се појдовна точка за воспоставување на позитивни релации помеѓу припадниците на различни култури, кои се засноваат на некои од основните вредности за соработка како што се искреност, отвореност, почитување и љубопитност да се научи нешто ново. Ова е важно за остварување на принципите на демократкото граѓанско општество.

# Знаевте ли дека...

**1**

Во 1950 година само 4 јазици се зборуваа во институциите на Европската Унија, додека **во 2018 година официјално се користат 24 јазици**. Секоја земја членка е претставена со официјалниот јазик на државата, и тој станува еден од јазиците што службено се користат во Европската Унија.

**2**

**Основни вредности на Европската Унија се:**
почитување на достоинството на човекот и човековите права, слобода, демократија, еднаквост и почитување на правото. Тие јасно се утврдени и загарантирани со Повелбата за основните права.

# *Активност на час*

Од списокот на вредности даден подолу, одбери 10 вредности коишто ти се важни лично на тебе. Доколку сметаш дека некоја твоја лична вредност не е опфатена со списокот, слободно додади ја. Со овој избор го направи твојот личен список на вредности. Сега од овој список, одбери 5 вредности што ти се поважни. Потоа, размисли и од овие 5 одбери само 3 вредности што тебе ти се најважни.

Откако ќе ги избереш твоите 3 лични вредности, размисли зошто овие три ти се најважни, дали ти беше тешко или лесно да го направиш изборот. Потоа, со ученикот до тебе разговарајте за избраните вредности.

За време на часот, дискутирајте со цело одделение околу вредностите што ви се важни. Во дискусијата учествува и вашиот наставник/наставничка и видете дали неговиот/нејзиниот список на вредности е сличен со вашиот или пак можеби е сосема различен.

## *Список на лични вредности:*

| | | |
|---|---|---|
| МИРОЉУБИВОСТ | РАДОСТ | КРЕАТИВНОСТ |
| БОГАТСТВО | ЉУБОВ | ЉУБОПИТНОСТ |
| СРЕЌА | СЕМЕЈСТВО | ЗДРАВЈЕ |
| УСПЕШНОСТ | МУДРОСТ | ИСКРЕНОСТ |
| ПРИЈАТЕЛСТВО | ВИСТИНА | ПРОФЕСИОНАЛНОСТ |
| СЛАВА | СТАТУС | ОДГОВОРНОСТ |
| МОЌ | ПРИФАЌАЊЕ | БЕЗБЕДНОСТ |
| ВЛИЈАНИЕ | ХРАБРОСТ | ОПТИМИЗАМ |
| ПРАВИЧНОСТ | СОРАБОТКА | МОТИВИРАНОСТ |
| ______________ | ______________ | ______________ |

# ПРИПАДНОСТ
## *кон заедницата*

Од самото раѓање, ние припаѓаме на некоја заедница. Под заедница се подразбира група на луѓе, кои имаат нешто заедничко, како на пример, заеднички карактеристики (пол, возраст, етничка припадност), заеднички цели или живеат на иста географска локација. Заедниците најчесто имаат веќе поставени норми и врз основа на тие норми се овозможува нивното опстојување.

Како што човекот расте и се развива, тој станува дел и припаѓа на најразлични заедници (на пример: семејство, училиште, факултет, организација во која работи, населба, општина). Притоа, неизбежно е во тие заедници поединецот да има своја сопствена улога и преку неа да го гради својот идентитет (како што е објаснето во примерите од тема 1: Претстава за себе како граѓанин), но и да функционира во релација со другите припадници од таа заедница. Луѓето во заедницата се надополнуваат, се поддржуваат и си помагаат едни на други за да ги совладаат препреките. Со постојана комуникација, меѓусебна поддршка и грижа, тие работат заедно за да ја остварат замислената цел.




Одделението е една заедница во која учениците имаат иста цел, а тоа е да стекнат нови знаења и вештини. Сепак, сите ученици од одделението се среќаваат со најразлични предизвици, па така во едно одделение Ана разбира многу подобро математика, а на Самир повеќе му оди предметот Историја. Ако Ана му помогне на Самир по предметот Математика и ако Самир ѝ помогне на Ана по предметот Историја, тогаш и двајцата ќе можат да го совладаат непознатиот материјал и да покажат добри резултати, со што ќе ја остварат заедничката цел.

Освен придобивките што ги имаат членовите на заедницата од неа, тие, исто така, можат активно да придонесуваат за унапредување и развој на сопствената заедница. Поттикот за подобрување на заедницата доаѓа тогаш кога поединци или групи не се задоволни или не се согласуваат со одредени услови, правила, норми или состојби што ги поставила заедницата. Во тој случај, тие можат да поттикнат дискусија и да предложат решенија за подобрување. За да се остварат предложените решенија, членовите на заедницата (на пр. учениците во училиште во рамки на одделенската или училишната заедница, граѓаните во рамки на својата населба или општина и сл.) можат да се организираат во најразлични форми и да осмислат конкретни акции. Во граѓанските општества, еден облик на дејствување во заедницата е преку волонтирање.

**ВОЛОНТЕРСТВОТО** претставува активност што придонесува за подобрување на квалитетот на животот во заедницата преку активно вклучување на луѓето во општествениот живот. Волонтерите го вложуваат своето лично време, труд и знаење во активности од кои стекнуваат нови знаења, вештини и искуства. Тие стекнуваат нови пријателства, им помагаат на другите да работат на своите цели и придонесуваат кон напредок на својата заедница.

Волонтерите можат да помогнат во организирањето на некој настан, да се ангажираат во организација што им помага на животните, активно да учествуваат во акции за собирање облека и храна за луѓе на кои им се потребни, да учествуваат во различни активности за зачувување на животната средина и креирање на чиста животна околина, да помогнат во реализирање на активностите во училиштето, општината, граѓанските организации и други институции. Од друга страна, волонтирањето има важна улога во подобрување на комуникацијата со својата заедница и помага да се унапредат вештините и да се стекнат искуства што се неопходни за активно граѓанство.



# Знаевте ли дека...

**1**

Мировниот корпус (Peace Corps) е независна американска владина агенција, која е посветена на светскиот мир и пријателство и обезбедува волонтери во земјите низ светот што побарале помош. Мировниот корпус е основан во 1961 година од претседателот Џон Ф. Кенеди, а својата мисија во нашата држава ја започна во 1996 година, со волонтери што помагаат при реализација на настава по англиски јазик и развој на локалните заедници.

**2**

Сојуз на извидници во нашата држава е организација што постои од 1921 година. Нивната мисија е преку извидничкиот метод и неформална едукација децата и младите да го пронајдат своето место и да го истакнат својот карактер, активно вклучувајќи се во општеството, донесувајќи одлуки што го прават светот подобро место за живеење. Член може да стане секој жител на Република Северна Македонија со наполнети седум години.

**3**

Повеќе од една милијарда луѓе во светот волонтираат.

# Активност на час

Направете мапа на вашето одделение. Напишете ги имињата на секој ученик и наставникот по Граѓанско образование. За секој поединечно напишете една работа во која тој/таа е добар/добра и на кој начин може да им помогне на другите членови во вашата одделенска заедница да бидат подобри или поуспешни.

Разговарајте што би сакале да подобрите во вашето одделение. Поставете најмалку 2 цели (на пример: **1.** Да го подобриме дружењето и **2.** Да го подобриме училишниот успех на паралелката). Размислете како секој од вас може да придонесе во остварување на поставените цели.

# СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ *во заедницата*

Во денешно време, во светот не постои држава во која живеат луѓе што припаѓаат само на една култура или само на една заедница. На пример, на територијата на нашата држава живеат граѓани што се припадници на различни култури и етнички заедници (Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи итн.). Оние држави, односно општества во кои заедно живеат припадници на различни култури се нарекуваат мултикултурни општества. **Мултикултура** е постоење на повеќе различни групи во едно општество, со свои расни, етнички, јазични и други разлики. Мултикултурното општество се залага за признавање на етничката и културната разноликост и постигнување на општествена рамноправност меѓу различните групи. Рамноправноста подразбира дека секоја култура во едно општество има еднаков третман, а културните карактеристики на секоја група се признаени и почитувани како дел од нивниот идентитет.

Иако во едно општество луѓето доаѓаат од различни културни заедници, тие остваруваат врски и се поврзани меѓу себе, најчесто преку заедничките институции, како што се училишта, организации, претпријатија, здруженија итн. Преку ваквите форми на поврзаност тие соработуваат, комуницираат и разменуваат ставови и мислења. Сепак, поради припадноста во различните културни, етнички и религиски групи, се случува луѓето различно да размислуваат за одредени работи.

Почитувањето на различностите подразбира прифаќање дека луѓето од другите култури може да имаат различни вредности, однесувања, верувања и погледи на некои аспекти од реалноста, без да ги проценуваме како добри или лоши. Тие можат да ни бидат блиски или далечни, да ни се допаѓаат или не, но за нив не се убедуваме или расправаме, едноставно ги прифаќаме како нешто ново што сме го научиле за конкретната култура. Ова е особено важно за човековото живеење во мултикултурното општество каде што различните културни групи ги негуваат своите културни белези.

***На пример:***

Старата чаршија во Скопје е место каде што се негуваат различни културни обележја. Таму може да најдеме вкусна традиционална храна, стари занаети, културно- историски објекти градени низ историјата (џамии, цркви, анови, амами, безистени). Исто така Чаршијата е место каде што се наоѓаат уметнички галерии, музеи, факултети, училишта, се одржуваат концерти, театарски претстави, модни ревии, филмски фестивали и слично.  Во Чаршијата може да ги слушнете сите јазици што се зборуваат во нашата земја и е добар пример на заедница каде што луѓето комуницираат,  се почитуваат меѓусебно и се негуваат сите културни белези.

Ваквиот начин на интеракција е само еден од примерите како може да се  развива соработката помеѓу различните култури. Директниот контакт со припадниците на другите култури ни овозможува да ги согледаме сличностите и разликите помеѓу културите и да дознаеме зошто е тоа така. На тој начин ние развиваме чувство на **толеранција** и почитување на разликите како предуслов за градење на соживот помеѓу различните култури. Да се биде толерантен кон другиот значи да се покаже разбирање и грижа кон различниот, со цел да се постави простор за дијалог кој е неопходен ако сакаме да научиме нешто повеќе едни за други.

Но, не е доволно само да се препознае постоењето на различните групи во една заедница. Наместо да живеат едни покрај други, луѓето треба да живеат едни со други. За да напредува општеството, неопходно е луѓето од различните групи да се познаваат и разбираат меѓусебно. Исто така, од суштинско значење е сите припадници на различните култури во едно општество да имаат еднакви можности да ги развиваат своите потенцијали и да ги практикуваат своите права. Културите треба да се почитуваат бидејќи секоја од нив носи свои вредности што можат значајно да придонесат во општественото живеење. На тој начин се постигнува почитување на разликите и меѓусебна толеранција и се гради соживот и заедништво.

# Знаевте ли дека...

**1**

Министерството за образование и наука **секоја година им дава поддршка на училиштата** да организираат заеднички ученички активности што ја поттикнуваат соработката помеѓу учениците за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието.

**2**

Во усвоената **Декларација за принципите на толеранцијата на УНЕСКО** на Генералната конференција одржана во 1995 година, толеранцијата се дефинира како: „Почитување, прифаќање и ценење на богатата разновидност на културите од нашиот свет, нашите форми на изразување и начини да се биде човек".

# Активности на час

## Активност 1:

Разговарајте со директорот на училиштето дали во вашето училиште постои Тим за училишна интеграција, којшто организира заеднички активности и иницијативи со наставници и ученици што потекнуваат од различни етнички заедници и што учат на различен наставен јазик. Дознајте кои се членовите на тимот, спроведете интервју со нив, прашајте ги за спроведените активности и од добиените информации селектирајте ги најважните и подгответе презентација.

Секој од вас, во својата паралелка, треба да ја презентира работата на Тимот за училишна интеграција во вашето училиште и да ги опише заедничките активности и иницијативи што ја подобруваат соработката во одделението, училиштето, општината, локалната заедница и општеството.

## Активност 2:

Поделете се во групи и секоја група нека избере една држава која замислено ќе ја посетите. Секоја група истражува за местата, луѓето, обичаите, храната, јазикот, религијата и други интересни работи за државата. Потоа, подгответе презентација која најдобро ќе ја прикаже државата што замислено сте ја посетиле. Обидете се презентацијата да биде што поинтересна за вашите соученици. Потоа дискутирајте заедно што е заедничко за сите овие држави.

# *Активност* 3:

Изберете неколку зборови/изрази што би сакале да научите како се пишуваат и изговараат на други јазици што се зборуваат во нашата држава (на пример: македонски, српски, албански, босански, турски). Такви зборови можат да бидат: толеранција, соживот, заедништво, мир, права, рамноправност, правда итн. или изразите: „Добар ден“, „Како си?“, „Како се викаш?“, „Благодарам“ и сл.

Направете хартиени кеси на кои ќе испишете еден збор/израз на повеќе различни јазици. Организирајте акција на која ќе ги продавате кесите, по симболична цена, во училиштето или надвор од него. Собраните пари искористете ги за набавка на наставни средства или друго што ќе оцените дека е потребно за училиштето.

На овој начин: 1) ќе научите нови зборови/изрази што ги користат некои од етничките заедници што живеат во нашата држава, 2) ќе ја подигнете свеста на заедницата за потребата од користење материјали што се рециклираат (хартија наместо најлон), 3) ќе придонесете за подобрување на условите во вашето училиште.





Тема

# 3 ГРАЃАНИНОТ И ОПШТЕСТВОТО

*Целта на оваа тема е ученикот:*

- да ги анализира вредностите на демократското општество и својата улога во него,
- да проценува како човековите права го унапредуваат демократското општество и да се залага за нивно унапредување,
- да ги знае правата на децата и потребата од нивна заштита,
- да умее да препознае дискриминација и да знае соодветно да реагира.



# *Улогата на граѓанинот* во ОПШТЕСТВОТО

Граѓанин е човек со слободи, права и одговорности кои му овозможуваат еднаквост со другите сограѓани и активна улога во општествениот живот.

Уште од античко време граѓанинот се сметал за човек со најблагородни вредности, исполнет со добрина и се сметал за сестрано образована и културна личност. Според тие вредности се заснова и современата цивилизација и се градат основите на демократијата. Поимот демократијата потекнува од старогрчките зборови „демос – народ“ и „кратос – власт“, односно „владеење на народот“. Со други зборови, таа претставува систем на правила, создадени од страна на луѓето, кои треба да ги почитуваат правилата и да ги применуваат.

Темелните принципи што се вградени во основата на демократијата и што ја објаснуваат нејзината привлечност се идеите за:

- народот како заедница на слободни и рамноправни граѓани со заеднички норми на живот;
- универзална еднаквост и рамноправност на луѓето;
- слободите и правата се неотуѓиви и неприкосновени, а државната власт е обврзана да ги штити;
- правната држава обезбедува неповредливост на личните права и слободи, како и создавање на поволни услови за развој на демократско општество.

Токму од темелните принципи и вредности поврзани со слободите и правата на граѓаните, демократијата започнала да се развива како облик на владеење. Па така, како најзначајни критериуми за развој на демократијата се: слобода на говор, изразување и печат; слобода на вероисповед; слобода на здружување; право на еднаква заштита пред законот и право на соодветна постапка и справедливо судење.

Улогата на **граѓанинот** во граѓанското општество се исполнува со остварување на своите слободи и права, но да се биде граѓанин значи да се биде одговорен човек, како кон себе така и кон другите граѓани. Кога ќе се запрашаме како граѓанинот ги исполнува своите права и одговорности, најчесто мислиме на начинот на кој ги почитува правилата и ја подобрува заедницата. Па така, улогата на граѓанинот е да биде вклучен во одлучувањето, притоа грижејќи се како за себе така и за другите граѓани во заедницата.

Граѓаните со здружување, самоорганизирање и предлагање проекти од разни области влијаат врз демократската власт за да преземе активности за доброто на сите. Тие учествуваат во одлучувањето преку гласање на национални и локални избори и на референдуми.

Секогаш кога треба да донесеме некоја одлука, размислуваме како ќе влијае таа одлука врз нас и врз нашата околина, па затоа имаме и одговорност да носиме правилни одлуки коишто нема да им наштетат на нашите сограѓани, туку напротив, ќе помогнат во развојот на заедницата.

Со своите одлуки граѓаните секојдневно влијаат врз своето опкружување, го менуваат и го обликуваат. Граѓаните може да се здружат и да го искористат своето уставно загарантирано право на слобода на здружување и организирање заради остварување на еколошки, социјални, културни, научни, хуманитарни, образовни, спортски и други интереси и убедувања. Граѓаните може да покренат граѓанска иницијатива произлезена од нивните потреби и интереси и да ја доставаат до локалната или централната власт.

### *На пример:*

Во зградата каде што живее Азра нема пристапна рампа, а нејзините соседи Сара и Дамјан имаат потреба токму од таква рампа. Азра решава да свика средба на куќниот совет за да се најде решение. За време на средбата сите соседи разговараа и се договорија да достават барање до општината за поставување на пристапна рампа на влезот од зградата. По три месеци општината позитивно одговори на барањето со што се овозможи Сара, која се движи со помош на количка, сама да влегува во зградата, а Дамјан полесно да влегува и излегува со бебешката количка на своето 4-месечно бебе.

Една од основните и најважните компоненти на демократијата е учеството. Може да има најразлични начини со кои се обезбедува учество во заедницата. За младите значаен е терминот младинско учество, кој се употребува да означи учество на младите луѓе во различни активности, проекти, во процес на подготовка на младински политики и во донесување одлуки што се битни за нив. На пример, учество како вклученост во некоја групна активност, потоа учество како интерактивност во методите на учење, учество на дебати и дискусии, учество во споделување на одговорности, донесување одлуки.

Во **табелата 1** е прикажана „скалата на учество“, чиј автор е Роџер Харт, која посочува осум скалила на вклученост на децата и младите. Таа се користи како критерум за оценување, имено колку младите се вклучени во решавање на заедничките прашања во заедницата. Во скалилото, највисокиот степен на учество за едно прашање е кога младите го иницираат прашањето, а го решаваат заедно со возрасните, додека најнизок степен на учество на младите е кога се поканети да учествуваат во проект, но немаат вистински информации ни влијание врз одлуките и нивните резултати.

## *Табела 1* Скала на учество

| | СКАЛИЛО | ОПИС | ПРИМЕР ВО УЧИЛИШТЕ |
|---|---|---|---|
| УЧЕСТВО | Младите и возрасните заеднички донесуваат одлуки. | Младите даваат идеи, подготвуваат активности и ги канат возрасните да им се приклучат. | Учениците сакаат да имаат паркинг за велосипеди пред училиштето. Прават партнерство со училиштето и организации за да дадат предлог и да побараат средства од општината. |
| УЧЕСТВО | Младите иницираат и управуваат. | Младите имаат идеи и одлучуваат како ќе се спроведе проектот. Возрасните се достапни, даваат поддршка и веруваат во младите луѓе и во нивното водење на активностите. | Група ученици добиваат дозвола од директорот да организираат акција за денот на екологијата. Учениците одлучуваат што ќе биде акцијата и пораките што ќе ги испратат; училиштето дава поддршка. |
| УЧЕСТВО | Возрасните иницираат, одлуките ги носат заедно со младите. | Возрасните ја даваат идејата, но младите се вклучени во одлучувањето, планирањето и спроведувањето на проектот. | Наставник во училиштето ги прашува учениците за идеи за одбележување на денот на човековите права. Учениците препорачуваат да има концерт на училишни бендови. Наставниците и учениците заедно го осмислуваат и го организираат настанот. |
| УЧЕСТВО | Возрасните се консултираат со младите и ги информираат. | Возрасните го осмислуваат и го спроведуваат проектот, а мислењата на младите се прифатени во текот на спроведувањето. Младите добиваат повратна информација за нивните мислења. | Општината организира консултации со учениците за да дадат мислење за паркот во близина на училиштето. Тие кажуваат што сакаат да се промени или да се изгради. Општината ги информира младите дека нивните препораки влијаеле врз одлуката и паркот. |
| УЧЕСТВО | Младите се назначени, но и информирани. | Возрасните одлучуваат за проектот, а младите го разбираат проектот и возрасните ги почитуваат нивните мислења. | На тркалезна маса во училиштето има простор за двајца говорници – ученици. Учениците се договараат кои ќе бидат претставниците и работат со возрасните за да разберат која е нивната улога во дискусијата. |
| НЕУЧЕСТВО | Токенизам. | Младите добиваат некакви улоги во активностите, но немаат избор за тоа што го прават или како учествуваат. | Училиштето треба да има свои претставници на конференција за институции, наставници и ученици. Наставникот самиот избира ученик/ученичка за конференцијата, кој/а не добива информации за што да се подготви или нема време да се консултира со другите соученици за мислења. |
| НЕУЧЕСТВО | Декорација. | Младите добиваат улога, но во ограничено својство и немаат улога во одлуките. | Во училиштето се организира настан, кој целосно е осмислен од возрасните. Учениците добиваат маички што треба да ги носат и текст за рецитал, но немаат информација за што се организира настанот. |
| НЕУЧЕСТВО | Манипулација. | Возрасните имаат целосен авторитет и можат да ја злоупотребуваат моќта. Ги користат идеите и гласовите на младите за своја корист. | Училиштето сака да организира прослава на полуматура во еден хотел. Ги кани учениците на состанок да дискутираат каде сакаат да биде прославата. Иако учениците имаат друг став, училиштето останува на првиот предлог и вели дека е договорено со учениците. |



# Знаевте ли дека...

**1**

Според член 22 од Уставот: **„Секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право. Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање“** (Устав на РСМ, 2019).

**2**

Американскиот претседател Џон Кенеди во една прилика изјавил: **„Не прашувај што може државата да направи за тебе, запрашај се што можеш ти да направиш за државата“**. Со оваа изјава тој ги поттикнувал граѓаните да земат активно учество во напредокот на државата.

**3**

Во Република Северна Македонија **можете да членувате во здружение на граѓани со наполнети 14 години** со дозвола на родител или старател, а **да основате здружение на граѓани со наполнети 15 години**, исто со дозвола на родител или старател.

# Активности на час

## Активност 1:

Сетете се на еден настан на кој сте учествувале во процесот на одлучување (дебата, училишна воннаставна активност, прослава или екскурзија) и оценете кое е нивото на младинско учество користејќи ја скалата на Роџер Харт.

Откако се запознавте со нивоата на младинско учество, од денешна перспектива, дали нешто би промениле во процесот на одлучување за тој настан? Ако да, што е тоа? Споделете го вашето видување со другите во паралелката.

## Активност 2:

Во основното училиште каде што учи Маја тоалетите се во многу лоша состојба. Постојано се нечисти и од нив се шири непријатна миризба. Во тоалетот нема сапун, канта за отпадоци и тоалетна хартија, а и чешмите честопати се расипани. Учениците постојано им кажуваат на нивните класни раководители дека состојбата на тоалетите многу им пречи и дека поради тоа одбегнуваат да ги користат. Наставниците им кажуваат дека се свесни за проблемот, но не можат ништо да направат во врска со тоа. Училишното раководство, пак, ги советува учениците дека тие самите треба да бидат посовесни кога го користат тоалетот, да го чуваат инвентарот, да внимаваат какви отпадоци фрлаат и слично.

### Размисли и дискутирајте во одделението:

- Кои се одговорностите на учениците, наставниците, училишното раководство?
- Како би можел да се реши проблемот, со тоа што потребите на секоја од страните ќе бидат задоволени?



# Активност во заедница

- Учениците во парови добиваат задача да изнесат некој инфраструктурен, еколошки или социјален проблем од нивната непосредна околина (училиште, општина) што ги засега нив, нивните родители или соседи, а сметаат дека би можеле да се заложат за негово решавање. Потоа се групираат во групи по 5–7 ученици. Дискутираат на истата тема. Избираат еден најважен проблем. По еден претставник од групите презентира пред целата паралелка и се отвора дискусија во целата паралелка. Компромисно се избира еден проблем. Се предлагаат начини за негово решавање. Се одредува тим што ќе проба да го реши проблемот. Тимот прави план за акција: закажува состаноци со тие за кои сметаат дека може да помогнат (на пример претставници на ученичката заедница, претставници на наставниците, советот на родители, директорот на училиштето, училишниот одбор, градоначалникот на општината, советот на општинатата, претставници на бизнис секторот од непосредната околина). Тимот ги известува останатите ученици за резултатите од разговорите и заедно ги планираат следните чекори. На проблемот работат подолг период, по можност до негово решавање или преземање од надлежните за негово решавање.

# РАЗВОЈ
## *на човековите права*

Првично идејата за човековите права се јавува кај античките филозофи, кои сметале дека луѓето по природа се еднакви и дека ропството претставува неприродна и нерационална појава. На ова се надоврзува римското право, според кое сите луѓе се надарени со ум. Слободите и правата прв пат се јавуваат во теориската мисла на Џон Лок. Неговата теорија за природното право на живот, слобода и сопственост прв пат писмено се применуваат во 17 век во Англија преку документ што ги поставува основите на уставно загарантираните човекови права. Потоа, во 18 век и Соединетите Американски Држави создаваат повелба за правата, која и денес е дел од Уставот на САД и ги гарантира граѓанските права и слободи.

Значителен напредок во областа на човековите права настанува во 18 и 19 век, односно за време на граѓанските револуции и просветителството како културно движење. Граѓанските револуции се покренувани под паролата „Слободата, еднаквоста и братството“, а идеите на просветителството се: човековото достоинство, правдата и еднаквоста.

За време на Француската граѓанска револуција од народното собрание на Франција е усвоена Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година во која стои дека: „Луѓето се раѓаат и остануваат слободни и еднакви во своите права“. Тогаш се создава првата генерација на човековите права.

Меѓутоа, во историјата на човештвото, а посебно во првата половина на 20 век, односно за време на Првата светска војна, периодот меѓу двете светски војни и особено во Втората светска војна доаѓа до драстичното кршење на човековите права. Овие настани ја поттикнуваат меѓународната заедница да се ангажира и да подготви документ со кој ќе ги охрабри луѓето да ги почитуваат човековите права и слободи. Од таа заложба на меѓународната заедница произлезе **Универзалната декларација за правата на човекот**.

Декларацијата претставува прво глобално изразување на основните права на луѓето. Таа се состои од 30 члена и е усвоена од Генералното собрание на Организација на обединети нации во Париз, на 10 декември 1948 година. Правата и слободите од Декларацијата подоцна се вклучени во меѓународни и регионални договори, устави и закони на државите. Декларацијата е универзална затоа што правата во неа им припаѓаат на сите луѓе во светот. Правата на луѓето не треба да бидат заслужени, тие не се купуваат ниту пак се наследуваат, тие им припаѓаат на сите луѓе со самото раѓање. Луѓето имаат еднакво право на нив без разлика на пол, возраст, раса, јазик, нација, богатство.

Врз основа на Универзалната декларација, Советот на Европа на конференцијата одржана во Рим во 1950 година ја донесе **Европската конвенција за човекови права**. Секоја земја потписничка на Конвенцијата се обврзува да воспостави посебни механизми за заштита на човековите права врз основа на Универзалната декларација и Европската конвенција. Применувањето на Конвенцијата во земјите потписнички го надгледуваат Европската комисија за човековите права и Европскиот суд за човековите права со седиште во Стразбур. На Европскиот суд за човекови права може да му се обрати секое лице од државите потписнички кое смета дека му се загрозени правата што ги гарантира Европската конвенција. Нашата држава исто така е потписничка на Европската конвенција за човекови права.

Меѓународно признатите права во Универзалната декларација не се конечни. Современиот начин на живот ја наметнува потребата од проширување на правата. Природата на човековите права е таква што веќе дадените права не можат никогаш да се скратуваат, туку постојано треба да се унапредуваат.

# Знаевте ли дека...

**1**

Џон Лок е англиски филозоф од 17 век и е најголем социјален мислител на неговото време. Тој сметал дека постојат **три основни природни права на човекот**: **право на живот** – секој има право да живее откако ќе се роди; **право на слобода** – секој има право да го работи она што сака да го работи, сѐ дури не го наруши првото право на друг; **право на имот** – секој има право да го поседува она што ќе го создаде или ќе го добие како подарок, сѐ додека е во согласност со првите две права.

**2**

Текстот на Универзалната декларација е составен од **Комисија за човекови права** формирана од Организацијата на обединети нации, чиј претседател била Еленор Рузвелт, сопруга на американскиот претседател Френклин Рузвелт. Во Комисијата за човековите права биле вклучени дипломати од сите делови на светот.

**3**

Во светот постојат меѓународни организации што ја следат состојбата со почитувањето на човековите права во различни земји, како што е на пример **Human Rights Watch**.

# Активност на час

## Мерење на „температурата на човековите права“ на моето училиште

Подолу има десет изјави што се однесуваат на тебе и на твоето училиште. Прочитај ја секоја реченица и оцени колку точно таа го опишува твоето училиште. Кога размислуваш, имај ги на ум и твоите соученици, наставници, стручна служба (педагог, психолог итн.) и други вработени во училиштето (пр. хигиеничари). Собери ги оценките за да го добиеш крајниот резултат.

### Скала на бодирање:

| 1 | 2 | 3 | 4 | НС |
|---|---|---|---|---|
| Никогаш (Не/Не е точно) | Ретко | Често | Секогаш (Да/Точно) | Не сум сигурен/на |

| | Изјави | бод |
|---|---|---|
| 1. | Моето училиште е место каде што се чувствувам безбеден/безбедна и сигурен/сигурна. | |
| 2. | Другите го почитуваат мојот личен простор и работите што ми припаѓаат. | |
| 3. | Јас сум слободен/слободна да ги искажам своите ставови и убедувања без да се плашам дека ќе бидам дискриминиран/а. | |
| 4. | Во моето училиште имам можност да учествувам во културни активности и мојот културен идентитет, јазик и вредности се почитуваат. | |
| 5. | Моето училиште има правилници и процедури што се однесуваат на дискриминацијата и нив ги применува во случаи на инциденти. | |
| 6. | Кога се појавуваат конфликти во училиштето, се обидуваме да ги решиме на ненасилен начин и со соработка. | |
| 7. | Моето училиште ги прифаќа учениците, наставниците, администрацијата и други вработени што доаѓаат од различни заедници и култури, вклучувајќи ги и луѓето што не се родени во оваа држава. | |
| 8. | Во моето училиште никој не е изложен на понижување или казни. | |
| 9. | Сите во моето училиште имаат можност да учествуваат во демократско донесување на одлуки за изготвување на училишните процедури и правила. | |
| 10. | Во моето училиште јас ја преземам одговорноста да обезбедам средина каде што врз луѓето не се врши дискриминација. | |

Собери ги поените што му ги даде на секое прашање за да ја пресметаш вкупната „температура на човекови права“ во твоето училиште.

Вкупната „температура на човекови права“ во моето училиште е _______________ .

Највисока температура = 40 „степени на човекови права“ = човековите права во училиштето во целост се почитуваат.

Во рамки на паралелката, споредете ги одговорите на прашањата и разговарајте за разликите во проценката од страна на различни ученици. Соберете ги резултатите од сите ученици за секоја изјава и утврдете кои изјави се оценети со најмалку поени. Размислете како би можела да се подобри состојбата и:

1. подгответе писмо со предлози за мерки и активности, кое ќе го доставите до стручната служба – или
2. организирајте дебата/дискусија со стручните служби и учениците на која ќе дискутирате за мерки и предлози.

Целта на оваа акција е вие, заедно со одделенската заедница, да предлагате активности до стручните служби за заштита на правата кои најмногу се прекршуваат во училиштето, врз основа на докази и истражувања.



# Активност во заедница

- **Формирајте тимови** со цел да идентификувате кои организации и институции се застапуваат за почитување на човековите права во вашиот град (држава). Во рамките на истражувањето пребарајте на интернет и најдете контакт, односно е-маил од најмалку една организација или институција.

  1) Истражете кои човекови права најмногу се прекршуваат во вашиот град/држава. 2) Наведете примери со успешно решени прекршувања на човекови права. По добиените информации подгответе текст/есеј на една страница со наученото и презентирајте го пред своето одделение/или текстот ставете го на огласна табла.

  **Целта на оваа акција** е да знаете да наведете конкретни примери во кои се заштитени човековите права преку истражување и контактирање со одговорни институции и организации што се занимаваат со заштита на човековите права во заедницата.

# *Видови* ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ

Со развојот на човековите права и нивната разновидност се јавува и потребата тие да се групираат. Сите човекови права без разлика како ќе ги поделиме или ќе ги групираме заемно се поврзани. Најчеста е поделбата според областа на која тие се однесуваат и правата се групираат на следниов начин:

Граѓанските и политичките права се сметаат за „прва генерација“, социјалните, економските права и културните права за „втора генерација“ и колективните права, еколошките и развојните права, кои се појавиле најдоцна, се сметаат за „трета генерација“ права.

## *1. Граѓански и политички права (прва генерација)*

Граѓанските и политичките права ја обезбедуваат личната слобода и еднаквото вклучување на секој граѓанин во општествениот и политичкиот живот.

Граѓанските права на граѓаните им овозможуваат интегритет, живот и безбедност, како и заштита од дискриминација по различна основа. Овие права на граѓаните им овозможуваат слободно да размислуваат, да имаат слободен пристап до информации, слободно да говорат и да ги изнесуваат своите ставови итн. На пример, основни граѓански права се: слобода на изразување, слобода на здружување, еднаквост пред законот, слобода на вероисповед, право на приватност итн.

Политичките права се однесуваат на правото на одлучување и учество во политичкиот живот. Основно политичко право е избирачкото право. Тоа значи дека секој граѓанин има право да гласа на избори за претставници на граѓаните во власта и право да се кандидира за некоја јавна функција.

## 2. Социјални, економски и културни права (втора генерација)

Овие права се однесуваат на областа на општествениот живот и работа, како и на основните животни потреби. Тие се темелат врз идејата за еднаквост и гарантиран пристап до основните социјални и економски добра, услуги и можности.

Социјалните права се потребни за целосно учество во општествениот живот. Тие ги вклучуваат правото на образование и правото на основање на семејство, но и многу други права, како правото на одмор, на здравствена заштита и приватност, како и правото на недискриминација.

Економските права ги вклучуваат правото на работа и заштита од невработеност, правото на соодветен животен стандард и право на социјално, здравствено и пензиско осигурување.

Културните права се однесуваат на начинот на живот во рамките на културната заедница. Тие го вклучуваат правото на слободно учество во културниот живот на заедницата.

## 3. Колективни, солидарни и развојни права (трета генерација)

Во основа на овие права стои солидарноста, тие ги опфаќаат колективните права на општествата или на народите, како што се правото на одржлив развој, правото на мир или здрава животна средина.

Во најголем дел од светот состојбите на екстремна сиромаштија, војни, еколошки и природни катастрофи говорат дека многу малку се напредувало во почитување на човековите права со кои ќе се обезбедат потребните услови за општествата. Токму затоа во овие права, покрај колективните, спаѓаат и правото на самоопределување, правото на комуникација, правото на одржливост, правото на хуманитарна помош и др.

Поврзаноста на слободите и правата со одговорностите и должностите на човекот и граѓанинот претставува услов за постоење на демократско и одговорно општество. Секоја човечка заедница поставува и определени должности на човекот, а не само постоење на слободи и права.

Едноставни примери за односот право – одговорност се: граѓанинот има право да биде кандидат и избран за претстваник во власта, но и одговорност да ги штити интересите и правата на граѓаните што го избрале; граѓаните имаат право на слобода на вероисповед, но и одговорност да ги почитуваат другите религии и нерелигиозните; учениците имаат право на образование, но и одговорност да ги почитуваат училиштето и наставниците; граѓаните имаат право на протест, но и одговорност да не ја попречуваат слободата на движење на граѓаните; граѓаните имаат право на здравствена заштита, но и одговорност да го чуваат своето здравје; граѓаните имаат право да живеат во здрава животна средина, но и одговорност да ја чуваат.

# Знаевте ли дека...

**1**

Прва земја која ѝ овозможи на жената да гласа, но и да биде кандидатка на избори е Финска во 1906 година. Инаку за прв пат жената гласала во Нов Зеланд во 1893 година, а потоа и во Австралија во 1902 година, но тие само гласале, а не им било овозможено да бидат кандидатки на избори.

**2**

Во Австрија граѓаните се стекнуваат со право на глас на 16 години.

**3**

Словенија во 2016 година стана земја со чиј Устав се гарантира правото на питка вода за граѓаните.

# ПРАВАТА
## *на детето*

Децата, како и сите граѓани, имаат права што треба да ги уживаат секојдневно, а возрасните луѓе и државите се тие што треба да ги заштитуваат и да ги унапредуваат детските права.

Посебната грижа за децата е неопходна поради нивниот развој, кој бара посебна грижа од емоционален, социјален и физички аспект. Децата најдобро ќе се подготват да бидат активни граѓани доколку од најмала возраст ги знаат и ги практикуваат своите права.

Со цел да се заштитат правата на децата, во 1946 година во рамки на Организацијата на Обединетите нации била формирана организацијата УНИЦЕФ – Фонд за деца при Обединетите нации. Освен меѓународните организации, многу држави, како нашата, работат на унапредување и заштита на правата на децата преку различни форми. Така на пример во Норвешка во 1981 година бил воспоставен првиот детски правобранител, кој претставува независен и непристрасен застапник, кој предлага мерки за подобрување на условите во кои живеат децата. Правобранителот ги штити правата, потребите и интересите на децата, работи во правец на примена на Конвенцијата за правата на детето и се залага за нејзино промовирање.

Најпознатиот документ што ги регулира и ги заштитува правата на децата е Конвенцијата за правата на детето донесена во 1989 година од Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации (ООН). Прифаќањето на Конвенцијата во над 190 земји поттикнала многу промени во интерес на децата. Нашата држава ја прифати Конвенцијата во 1993 година и оттогаш државата има обврска постојано да ги заштитува и да ги унапредува правата на децата.

Конвенцијата за правата на детето претставува рамка на стандарди што се потребни за постигнување на благосостојбата на децата, а принципите на Конвенцијата треба да се содржат во законите на државите што ја потпишале.

Со Конвенцијата за правата на детето се промовира учеството на децата во процесите на одлучување за прашања што се однесуваат на нивната положба во семејството и општеството а е во согласност со нивната возраст. Исто така се промовираат правата што треба да ги уживаат децата, како и заштитата од различните форми на злоупотреба и нарушување на нивните права.

Видовите права на детето може да се класифицираат на следниов начин:

**ПРАВА НА ОПСТАНОК** – право на живот, исхрана, место на живеење, здравствена заштита итн.

**ПРАВА НА РАЗВОЈ** – право на образование и професионална ориентација, игра и рекреација, право на одмор, слобода на мисла и уверување и изразување, право на вероисповед, пристап до информации, културни активности итн.

**ПРАВА НА ЗАШТИТА** – од негрижа и занемарување, од експлоатација, од дискриминација, од сексуална злоупотреба итн.

**ПРАВА НА АКТИВНО УЧЕСТВО** – активна улога на детето во семејството и заедницата, слобода на здружување и мирно собирање, да ги искажуваат своите мисли и ставови итн.

Во нашата држава, во Уставот и законите, се регулира почитувањето и унапредувањето на детските права. Народниот правобранител има улога да посочува, да известува за прекршување на правата на децата и во исто време да промовира заштита на правата на децата. Исто така, и другите државни органи, училиштата, локалната самоуправа (општините) и семејствата директно се обврзани за промоција, остварување, практикување и заштита на правата на детето.

Децата пак, треба да учат за своите права, да го искажуваат својот став и мислење, но и да ги остваруваат обврските што произлегуваат од нивните права. На пример, правото на образование подразбира одговорност учениците да посетуваат настава и да ги почитуваат другите ученици, наставниците и да го чуваат училишниот инвентар и околина. Обврска на родителите/старателите е да го овозможат правото на образование, а на државата, да овозможи услови за квалитетно образование.




# Знаевте ли дека...

**1**

Според член 12 од Конвенцијата за правата на детето, **секое дете има право да го искаже својот став и мислење во секојдневниот живот.**

**2**

20 ноември се одбележува како **Меѓународен ден на детето**.

**3**

**Фондот за деца при Обединетите нации (УНИЦЕФ)** добил Нобелова награда за мир во 1965 година. Канцеларијата на УНИЦЕФ во нашата земја работи од 1993 година.
Во соработка со државните институции, граѓанските организации и водечки домашни и меѓународни експерти, УНИЦЕФ работи кон подобрување на животите на сите деца.

**4**

Во институцијата Народен правобранител на Република Северна Македонија има **посебно одделение за заштита на правата на децата**.

# Активности на час

## Активност 1:

Поделете се во групи. Во секоја група на лист или на таблет се прикажани правата на децата што се содржат во Конвенцијата за правата на детето. Ваша задача е да нацртате и со ножици да исечете модел на куќа или пирамида. Во групата разговарајте кои права ќе бидат залепени и ќе претставуваат темел на куќата или пирамидата, кои права ќе бидат ѕидови, а кои покрив или ќе бидат сместени на врвот од пирамидата.

По завршувањето на активноста, изберете кој ќе презентира и споделете:

- Како дојдовте до решенијата?
- Имаше ли недоразбирања?
- Кои права ги научивте?
- Кои права според вас беа најважни, дали тие што претставуваа темел на куќата или покрив?

## Активност 2:

Анализирајте го следниот текст:

Весна е ученичка во 8 одделение и има желба активно да учествува во работата на училишната заедница. Таа има многу идеи што сака да ги сподели со своите другари. На заедничкиот состанок на училишната заедница Весна зема збор со цел да ја сподели својата идеја за одбележување на 20 ноември, Меѓународниот ден на детето. Притоа друг ученик ја прекина во излагањето, без да ја сослуша, со коментар дека програмата за одбележување на денот веќе е осмислена.

- Кое право го имала Весна и кое право ѝ било одземено?
- Дали сте биле во слична ситуација во вашето училиште/семејство/група на врсници?

# Активност 3:

Прочитајте ги ситуациите подолу, размислете и дискутирајте.

**СИТУАЦИЈА 1:** Со цел сите ученици да го уживаат правото на спорт и игра, учениците од едно основно училиште на одделенската заедница согледаа дека пристапот до нивното игралиште не е возможен за неколку ученици што се движат со помош на количка. Токму затоа решија да преземат чекори за да се надмине овој проблем. Испратија писмо до директорот и градоначалникот на општината со барање за средба и разговор за проблемот. И директорот и градоначалникот се согласија дека овој проблем е потребно да се реши и ветија дека секој од свој домен ќе преземе соодветни мерки. За неполна недела група работници направија пристап до игралиштето.

Имате ли и вие во вашата општина ваков или сличен проблем? Дадете предлози како би можеле да го решите. На пример, направете онлајн/електронска петиција на која ќе се потпишат претставници од вашата заедница. Потоа, петицијата испратете ја до градоначалникот и/или до училиштето.

**СИТУАЦИЈА 2:** Во едно училиште еден ученик постојано одбиваше да оди со своите другари на изложби, концерти и екскурзии. Неговиот другар знаеше дека причина за тоа е недостигот на финансиски средства. Училишната заедница на состанок се договори да спроведе акција со која би се обезбедиле средства за нивниот другар. Оваа активност учениците му ја кажаа на својот класен раководител, а тој пак разговараше со директорот на училиштето и со претставниците на училишниот одбор. Активноста се спроведе на ниво на училиште и беа собрани доволно финансиски средства за да учествуваат сите деца во предвидените активности.

- Можете ли и вие да спроведете слични акции? Размислете за начините на кои би можеле да ги реализирате.
- Запомнете, сите деца треба да ги уживаат правата што им ги нуди Конвенцијата за заштита на правата на детето.



# Активност во училиште

Во соработка со ученичката организација направете анкета со цел да утврдите кои права во вашето училиште најмногу се прекршуваат. Во анкетата наведете неколку права што се практикуваат во рамките на училишниот живот, а испитаниците треба да го заокружат правото што најмногу се прекршува и да наведат пример/примери на прекршеното право (доколку се чувствуваат слободни да наведат).

Заедно со ученичката организација сумирајте ги резултатите и:

- подгответе писмо со предлози за мерки и активности, кое ќе го доставите до стручната служба – или
- организирајте дебата/дискусија со стручните служби и учениците на која ќе се дискутира за мерки и предлози.

Целта на оваа акција е вие заедно со ученичката организација да предлагате активности до стручните служби за заштита на правата кои најмногу се прекршуваат во училиштето, врз основа на докази и истражувања.

# СТЕРЕОТИПИ, ПРЕДРАСУДИ *и дискриминација*

Во делот за човекови права научивме дека правата се универзални и важат за сите. Тоа значи дека сите луѓе се еднакви и подеднакво им следуваат основните човекови права. Но, тоа не значи дека сите луѓе се исти. Меѓу луѓето има огромен број разлики. Тие се разликуваат според полот, возраста, етничката и расната припадност, религијата, националноста, местото на живеење, образованието итн.

Разликите помеѓу луѓето понекогаш се причина за негативни ставови и постапки, како што се стереотипите, предрасудите и дискриминацијата. **Стереотипите** може да се поврзани со нечија расна, етничка, религиска или полова припадност, но и со каква било припадност кон одредена група. На пример, кога врз основа на неколку „романтични“ Французи ќе заклучиме дека сите Французи се романтични, тогаш создаваме стереотип. Или, ако формираме или прифатиме мислење дека повозрасните луѓе се строги врз основа на само неколку повозрасни што ги познаваме, исто така станува збор за стереотип. Честопати и без да познаваме членови на некоја група, имаме формирано стереотипи за групата. Така, врз основа на овие формирани стереотипи заклучуваме дека цели групи на луѓе имаат некаква карактеристика (работливост, висока интелигенција, добра смисла за хумор итн). Сепак, во реалноста, луѓето се различни помеѓу себе иако им припаѓаат на исти групи.

Стереотипите не се точни гледишта, затоа што на сите припадници на една група им се даваат исти особини и тоа врз основа на малку и честопати непотврдени информации. Но, и покрај тоа што не се точни, тие тешко се променливи, бидејќи информациите што ги добиваме, а се спротивни на веќе формираниот стереотип, најчесто ги игнорираме и не ги прифаќаме.

Кога врз основа на стереотипот кон одредена група формираме став кон поединците што ѝ припаѓаат на таа група, тогаш станува збор за **предрасуди**. Предрасудите се неосновани, долготрајни ставови кон поединците во одредена група или кон групата и најчесто се проткаени со силни негативни чувства. Врз формирањето на предрасудите влијаат многу фактори, како на пример: семејството, пријателите, историските настани и сл.

### *На пример:*

Дамир има слушнато дека луѓето од скандинавските земји се многу ладни и тешко се спријателуваат. Едно лето неговите роднини, кои живеат во Финска, го викнаа да дојде да ги посети за време на распустот. Другарите на Дамир го задеваа велејќи му дека таму ќе му биде многу здодевно и дека ќе нема со кого да се дружи, бидејќи децата таму не се многу дружељубиви. Кога пристигна во Финска, отиде да се рекреира во локалниот скејт-парк. По некое време една група млади на непосреден начин му пристапија и се запознаа со него. Деновите што следуваа Дамир ги помина дружејќи се со неговите нови пријатели, а тие го запознаа со градот и локалната култура. Кога се врати дома, веднаш им се пофали на другарите дека стекнал нови пријатели и дека Финците воопшто не се ладни и недружељубиви како што тој претходно мислеше.

Стереотипите и предрасудите влијаат врз однесувањето на поединците во општеството и затоа што се обично неточни, претставуваат пречка за градење заедничко општество. Тие претставуваат бариера за нормалното комуницирање и многу често се извор на судири и конфликти, посебно во општества во кои има различни култури и религии. За жал, многу често предрасудите придонесуваат кон нееднаков и нефер однос кон индивидуалци или цели групи на луѓе. Тоа однесување се нарекува **дискриминација**. На дискриминација може да бидат изложени поединци или групи на луѓе со тоа што се третираат како помалку вредни, им се скратуваат правата или им се одземаат можностите само поради припадноста кон некоја група. Основа за дискриминација може да биде бојата на кожата, полот, јазикот, верската и етничката припадност, возраста итн.

Спречувањето на дискриминацијата е неопходно за остварување на основните човекови права и е предмет на интерес на многу национални и меѓународни тела и институции за чија цел се усвоени повеќе документи и препораки.

Во нашата држава дискриминацијата е забранета. Тоа е јасно одредено во член 9 од Уставот. Исто така постои и Закон за спречување и заштита од дискриминација. Повеќе органи и тела, како на пример судовите, работат на заштита од сите форми на дискриминација. Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните и презема дејства и мерки за спречување на дискриминацијата, додека пак Комисијата за заштита од дискриминација е посебен орган што работи на спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација.



# Знаевте ли дека...

**1**

Нелсон Мандела, борец против расната дискриминација во Јужноафриканската Република, поминал 27 години во затвор поради своите ставови. На возраст од 76 години бил избран за претседател на Јужноафриканската Република.

# Активности на час

## Активност 1:

### Прочитајте ги четирите приказни подолу, размислете и одговорете на прашањата што се под текстовите.

Сани е ученичка во 7 одделение. Таа е многу дружељубива, но нема многу другарки. Девојчињата од нејзиното одделение не сакаат да се дружат со Сани затоа што нејзините родители се вработени во фирма во која платите не се големи. Сани нема пари да си купи скапа облека.

- На што била изложена Сани од страна на девојчињата со кои учи? Од кои причини? Што би направил/а ако си на местото на Сани или пак ако учиш со неа?

---

Дона е најдобра фудбалерка во училиштето. Во нејзиното училиште се организира спортски настан, а беше предвидено да биде застапен и натпревар во мал фудбал. Дона се израдува дека конечно ќе може да учествува во натпреварот и да биде дел од победничкиот тим. Тренерот на екипата на еден ден пред натпреварот повика 5 членови кои беа предвидени да се натпреваруваат и од нив за натпреварот ги издвои Оливер, Дејан, Денис, Илир и Мирон. За Дона немаше место. – Ова ќе биде „машки“ натпревар - рече тренерот и излезе од училницата.

- На што била изложена Дона? Зошто? Како се чувствувала Дона? Како вие би постапиле доколку сте на местото на Дона или на тренерот?

---

Беса е мајка на 2 деца и е на возраст од 50 години. Зборува англиски и германски јазик, одлично ја познава компјутерската технологија. Возач е, а исто така има висок просек од завршените студии. Се јавила на конкурс за вработување. Сметала дека ги исполнува сите критериуми што ги барала компанијата. На интервјуто ги добила сите позитивни карактеристики, но ѝ било соопштено дека компанијата за тоа работно место бара помлада личност. Беса не ја добила работата.

- На што била изложена Беса? Како се чувствувала Беса по интервјуто? Како вие би постапиле да сте на нејзиното место, а како ако сте на местото на работодавачот? Дали компанијата прекршила некој од законите?

---

Еден ден на часот по физика Бојан избезумено извика: – „Ми ги нема парите што мајка ми ми ги даде за претстојната екскурзија!“ - и почна да плаче. Силвана налутено се сврте кон Јане и му рече: „Ти си ги зел парите, ги знам јас таквите како тебе“. Јане поцрвене, но не ѝ возврати, само ја наведна главата. Наставничката, која беше сведок на настанот, изусти: „Јане, врати ги парите ако си ги зел“, а тој одговори: „Наставничке, не ги зедов јас“. Во меѓувреме Бојан се сети дека претходниот ден парите му ги дал на класниот раководител, по што сподели со соучениците: „Се извинувам, заборавив дека вчера платив за екскурзијата“. Силвана ништо не рече, само ја наведна главата.

- Како ја разбирате реченицата: „Ги знам јас таквите како тебе“? На каква појава бил изложен Јане и како се чувствувал?

---

## Активност 2:

Прочитајте ги тврдењата во првата колона и поврзете ги со видот на дискриминација од втората колона.

| | |
|---|---|
| Не, жените не можат да добиваат исти награди за спортски успеси. Мажите се подобри во спортот и се поинтересни за гледање. | **ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОДНОС НА ПОЛ.** |
| Во нашето училиште немаме услови за настава за ученици во количка (соодветни приоди, рампи и сл.). Ве молиме побарајте друго училиште во кое има соодветни услови. | **ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ВОЗРАСТ.** |
| Нашата деловна политика е насочена кон вработување само на работници од нашата религиска припадност, жалам но вие не ги исполнувате нашите барања. | **ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ.** |
| Китан се пријавил на оглас. – Ова работно место е предвидено за помлада личност, му одговорил работодавачот. | **ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА РЕЛИГИСКА ПРИПАДНОСТ.** |



Тема

4

# РЕЛИГИЈАТА, УМЕТНОСТА И МЕДИУМИТЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

*Целта на оваа тема* е да ја објасни улогата на религијата, уметноста и медиумите во општеството.



# *Религијата* ВО ОПШТЕСТВОТО

Декларацијата за човекови права на Обединетите нации во член 18 вели: „Секој има право на слобода на мислата, совеста и религија“. Ова право ја вклучува и слободата на човекот да ја промени својата религија или убедување или поединечно или во заедница со други луѓе, приватно или јавно, да ја манифестира својата религија или убедување преку подучување, практикување, одржување служби или обреди.

Во светот постојат голем број религии. Тие содржат бројни елементи што се централни за нивното учење, како и религиозни практики што може да вклучуваат ритуали, проповеди, молитви, медитација, музика, уметност, танц итн. Затоа религијата се сфаќа како организиран збир на мисли (учење, верување), чувства и симболи, поврзани со поимање на животот.

Првите облици на религијата се јавуваат уште во првобитната заедница на луѓето. Луѓето низ вековите, повеќе или помалку, ја прифаќале религиозната традиција во која биле родени и воспитани но со текот на историскиот развој на човекот и општеството, се менувала и религијата. Во средниот и новиот век религијата доминирала и голем дел од општеството се објаснувало со помош на религиските правила и догми.

Голем дел од современите држави се секуларни, што значи религијата не се меша во работите на државата и обратно. Република Северна Македонија, согласно со Уставот, е секуларна држава. Сепак, без оглед на секуларниот карактер на државата, религијата и денес, во современото општество, има голема улога во животот на граѓаните. Затоа е значајно да се развива емпатија кон другите луѓе, разбирање и подигнување на свеста за почитување на другите религии, верски заедници и религиозни групи, како и почитување на одлуките на нерелигиозните луѓе во општеството.

Денешните општества, гледани од тој аспект, се мултикултурни и мултирелигиски. Ако сакаме да живееме и да соработуваме со луѓето што имаат различна религија од нашата, треба да ги запознаеме и да ги почитуваме основните елементи на нивната религија. Тоа е стратегијата и на нашата држава, која ги поттикнува, помага и ги промовира активностите на запознавање и меѓусебно почитување на луѓето со различна религија и култура.

Истражувајќи ги религиите може да се заклучи дека има сличности, но и разлики меѓу нив. Граѓанското општество ги почитува правата и слободите на луѓето од религиски аспект, што од граѓаните бара одговорност за толеранција кон религијата и верувањата на другите. Тоа подразбира и запознавање на спецификите на различните религиски заедници од своето опкружување, демонстрирање примери на прифаќање на религиските разлики и активно учество во дебати поврзани со улогата на религијата во општеството.

Слободата на вероисповед на граѓанинот е една од темелните вредности дефинирана со Уставот на Република Северна Македонија. Тој ги гарантира правата на верските заедници и религиозните групи, слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, да ја изразуваат и да ја практикуваат верата.





# Знаевте ли дека...

1. Постојат околу **10 000 различни религии** низ светот.

2. Правото на вероисповед било третирано со **Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година**.

3. Верувањето во повеќе богови се нарекува **политеизам**, верувањето во еден бог – **монотеизам**, неверување во божества – **атеизам**.

4. Во нашата држава постои **Комисија за односи со верските заедници и религиозните групи**, која е посебен орган на државната управа.

# Активност на час

- Изберете две религии и истражете ги нивните основни карактеристики (симболи, свети книги, храмови). Изработете презентација и споделете ги резултатите со другите ученици. Потоа, отворете дискусија за сличностите и разликите на секоја од презентираните религии.
- Посетете некој верски објект во вашата околина. Потоа споделете што сте забележале за време на посетата.
- **Дискусија:** Улогата на религијата во современото општество. Запознавањето на различните религии ги намалува нашите стереотипи и предрасуди кон нив. Прашања на кои може да дискутирате:

  - Каква е улогата на религијата во современото општество?
  - Колку истражувањето на религиите и посетите на верските објекти ви овозможи да се запознаете со религиите на културните и етничките групи во нашето општество?
  - Имавте ли можност да согледате кај себе дали постоеле предрасуди и стереотипи во однос на некои религии што се негуваат во културните групи во нашето општество?
  - Дали има промени во вашите мислења за различните религии, откако се запознавте одблиску со нивните карактеристики?

# *Уметноста* ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Секој човек на некој начин е поврзан со одреден вид на уметност. Во одредени случаи се работи за слика што му се допаднала, во друг случај за музичка композиција што го освоила, во трет случај за зграда што посебно му била убава. Секојдневно се споменува уметноста, бидејќи таа е дел од животот и опкружувањето, без разлика дали станува збор за слики (цртежи, фотографија, дигитална графика, графити и друго), скулптура, архитектура, музика, литература, театар, филм (документарци, цртани филмови, 3Д-анимации) и танц (традиционален, хип-хоп, балет). Навидум изгледа лесно да се објасни и да се зборува за уметноста и се чини дека секој поединец знае многу за уметност. Но, од аспект на животот во заедницата, уметноста може да биде и сложена и специфична, понекогаш и да предизвика спротивставени мислења.

Ако се размислува од аспект на граѓанското образование, се запрашуваме како уметноста е поврзана со него? Што значи уметноста како дел од општеството? Кои се одговорностите, улогите и правата на членовите на една заедница? Како да бидеш „добар" граѓанин? Ова се прашања што водат кон сознание дека граѓанското образование е многу повеќе само од права и одговорности, тоа е и прашање на лична култура и избор што ни се допаѓа или не. Секој граѓанин има право на избор да следи разновидна филмска уметност, музичка уметност, традиционален настан и/или други форми на уметност. Општеството треба да се стреми и да им овозможи на граѓаните да имаат можност за избор и пристап до различни видови уметност и на тој начин тие да ги остваруваат своите културни права. На пример, секој треба да има можност да следи концерти, изложби, театарски претстави итн.

Дополнително, дел од образованието за активно граѓанство треба да ги поттикне младите луѓе да стекнат вештини, знаења и ставови што ќе ги користат за развој на својата заедница.

**_На пример:_**

Артан, Јана и Срѓан се членови на театарската секција во училиштето во коешто учат. Ним исто така многу им пречи тоа што улиците и парковите често се преполни со ѓубре и сметаат дека треба да направат нешто во врска со ова. Решија за овој проблем да поразговараат со останатите членови на секцијата и со одговорната наставничка за да видат дали може преку театарска претстава да го прикажат проблемот пред поголема публика и со тоа да го свртат вниманието на овој проблем. Сите се сложија за идејата и за брзо време направија текст и ја извежбаа претставата. Претставата ја прикажаа на свеченоста по повод одбележувањето на Денот на планетата Земја пред нивните соученици и вработени во училиштето, а повикаа и претставници на локалната самоуправа. Претставата беше интерактивна и од гледачите бараше да дадат предлози како да се реши проблемот со ѓубрето и како секој, индивидуално и на ниво на институција, може да придонесе за почиста животна средина. Сите предлози беа забележани и подоцна беа споделени со учесниците (управата на училиштето, наставничкиот совет, училишната заедница и локалната самоуправа) за да видат што може да се направи во однос на ова прашање. На овој начин членовите на театарската група на иницијатива на Артан, Јана и Срѓан го искористија театарот како уметничка форма за да укажат на одреден проблем во заедницата и со тоа да ја подигнат свеста и чувството за одговорност на сите што можат да придонесат за решавање на овој проблем.

Уметноста најчесто ја врзуваат за духовната култура, при што за уметноста се зборува како за имагинација на човековиот дух, така што ѝ се придава посебно место и улога помеѓу разните облици на култура. Во различните видови на уметност, човекот го наоѓа полето за изразување на својата креативност. Уметноста е важна бидејќи е

дел од секојдневието, особено што информиран граѓанин е оној што има капацитет да разбере, вреднува и конструктивно да критикува уметнички дела. Истовремено на граѓаните им се нуди можност да посетат музеј, театарска претстава, концерт или друга форма на уметност, притоа може да изберат, критикуваат, да дискутираат за уметноста, почитувајќи ја како таква, како и патот по кој таа уметност се создала.

Токму затоа и граѓанското образование ја промовира важноста младите да знаат дека уметноста и естетиката, како и почитувањето на разни форми на изразување, се дел од граѓанската култура. Во традицијата, уметноста има голема улога од аспект на облека, традиционални инструменти, слики, предмети, архитектура, музика и секој може на лично ниво да чувствува силна врска кон овие традиционални вредности. Покрај ова, секој граѓанин треба да развива разбирање дека личниот избор и вкус за нови форми на експресија во уметноста се дел од заедничкото живеење и меѓукултурната размена. На тој начин се отвора можност за разбирање на различностите.

Во некои култури уметноста е простор за споделување и борба за правата на луѓето каде што преку уметнички дела граѓаните ги споделуваат своите емоции и предлози за подобрување на животот во заедницата, а понекогаш и директно се спротивставуваат на неправда кон одредена група во заедницата.

***На пример:***

Едно од најпознатите дела на Пабло Пикасо е неговата слика „Герника“ која ја прикажува трагедијата на војната и страдањата на невините цивили. Насликана е веднаш по нацистичкото разурнувачко бомбардирање на градот Герника во Шпанија. По нејзиното завршување била изложувана низ целиот свет и станала нашироко позната. Оваа слика има стекнато монументален статус на антивоен симбол и претставува постојан потсетник за трагедиите на војната.

Кога станува збор за уметноста во современото граѓанско општество, значајно е да се разграничат и поимите зошто за одредени уметнички правци се смета дека се шунд и кич. Кои правци ќе бидат дефинирани како кич и шунд, најчесто зависи од авторитетите во уметноста (критичари, признати уметници, професори и сл.). Сепак, делата создадени во ваквите правци можат да им се допаѓаат на луѓето и дури и да имаат повеќе почитувачи отколку критичари. На пример, за шунд литература се смета некоја книга без литературна вредност, а за кич уметност се смета дело кое нема уметничка вредност.

Уметноста е повеќе од примена на вештини и знаења да се создаде уметничко дело. Таа истовремено нè учи на развој и на ориентацијата на секој млад човек кон уметноста – нè учи за улогата и одговорноста и како творци на уметнички дела, но и како љубители на одреден уметнички правец. Уметноста нуди патоказ и влез на младите кон еден многу важен аспект од културното живеење.



# Знаевте ли дека...

1. Во пештерата Алтамира во Шпанија се пронајдени цртежи стари повеќе од 36 000 години. Тие цртежи и денес се сметаат за врвни уметнички дела на креативна генијалност и пример на најрано уметничко дело од постоењето на човештвото. Цртежите се и сведоштво на културната традиција и значајно достигнување во историјата и животот на луѓето во тоа време каде што преку цртеж се осознава за разновидни општествени појави.

2. Дали знаевте дека музичкиот правец џез настанал поради тоа што голем број различни култури живееле, твореле и се инспирирале едни од други во ист простор, односно во градот Њу Орлеанс. Невообичаената историја на градот, уникатниот поглед на животот, етничката и културната разноликост и културната интеракција придонеле за развој на овој музички жанр. Во нашата држава секоја есен се организира меѓународно препознаениот настан „Скопски џез фестивал“.

3. Дали сте знаеле дека најпознатиот светски уличен уметник Бенкси преку своите дела дава критика на општествените прашања, како глобално затоплување, капитализам, бегалската криза и слично.

# Активности на час

- Подготовка на презентација за уметноста како форма за изразување на тема на интерес на граѓаните: чиста околина, прослава на ден на мирот, права на животните и други.
- Дискусија за хип-хоп и дали тој правец во музиката влијае врз младите (може да организирате настап за родителите каде што ќе се претстави овој правец преку танц).
- Преку истражувачки проекти за традиционалните уметности учиме како младите може да истражуваат заедно за време на наставата по предметот Граѓанско образование.
- Проекти за културен развој на заедницата и како може да се организира локален настан за поддршка на самоуки уметници.



# Активности во заедницата

## Изложба во училиштето

▶ Пред крајот на учебната година може да организирате ваша уметничка изложба на свои дела во училиштето. Заедно со наставникот разговарајте и договорете тема на изложбата. Темата може да биде: „Мојот град“, „Улична уметност“, „Животна средина“, „Архитектурата околу нас“, „Јавни простори“, итн. Откако ќе договорите тема, размислете за индивидуално или групно дело или проект што би го реализирале на таа тема преку фотографија, слика, скулптура или друга форма. Договорете време за правење на делата (на пример една недела). Кога ќе бидете готови, заеднички со наставникот поставете ги на договорена локација во училиштето. Како финален настан може да се организира отворање на изложбата на која ќе бидат поканети другите соученици да ја разгледаат.

## Мурали на јавни простори

▶ Заедно изберете простор на кој би сакале да нацртате мурал, но и како сакате тој да изгледа. Муралот може да содржи слика, текст и други елементи. За користење на јавен простор за цртање на мурал треба да пратите барање за одобрување до општината или училиштето, зависно каде се наоѓа просторот. Потоа изработете скица на муралот и заедно со наставникот по предметот Ликовна уметност направете листа на потребни материјали.

# *Медиумите*
# ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Денес со право може да се каже дека живееме во ера на глобализација, масовна дигитализација и информациски бум. Со едно притискање на компјутер или мобилен телефон може веднаш да се добие информација за што било и затоа зборуваме дека живееме во време на медиуми, масовни комуникации и современа технологија. Ако 20-тиот век беше познат како век во кој периодично се создаваа и се развиваа медиуми, 21-виот е век во кој медиумите го имаат најголемото значење во општеството, посебно кога станува збор за брзина и навременост на информацијата.

Медиум претставува канал низ кој циркулираат информациите. Под поимот „медиум“ се подразбираат различни средства за комуникација: телевизија, радио, интернет, социјални медиуми, весници, списанија и други медиуми. Една од карактеристиките на медиумите е организирано и јавно пренесување на пораки, кои допираат до голем број луѓе. Поради тоа, тие имаат големо влијание, кое може да биде и позитивно и негативно.

***На пример:***

Во 1930-тите години граѓаните многу им верувале на информациите пласирани на радиостаниците. Па така, кога во 1938 година на едно радио во САД се емитувала радиодрама врз основа на романот „Војна на световите“ од Х. Г. Велс, дел од слушателите помислиле дека на Земјата навистина се случува инвазија од Марсовци и започнале панично да бегаат од домовите. Тоа траело сè додека не сфатиле дека не станува збор за пренесување вест туку за драматизација на роман.

Сепак, медиумите можат да послужат и за постигнување на благородни цели. Во денешно време многу иницијативи за подобрување на животот, кои започнале на социјалните медиуми во една држава, за кратко време стануваат глобални. На тој начин позитивните идеи брзо се шират и даваат резултати.

### *На пример:*

Преку социјалните мрежи како што е Фејсбук информацијата за одредена иницијатива многу бргу се проширува до корисниците а со тоа и до поширoката јавност. На тој начин населението може за многу кратко време да се мобилизира во прибирање помош во услови на елементарни непогоди и различни кризни состојби во општеството.

Масовните медиуми (мас-медиуми) се едни од најзначајните феномени во граѓанското општество и се присутни во сите области на човековиот живот. Нивна клучна улога е информирање на граѓаните, формирање и креирање на јавно мислење. Со развојот на граѓанското општество сѐ поважна е нивната функција и одговорност во општеството. Медиумите ја следат работата на институциите и информираат за неа, ја поддржуваат слободата на изразување и говор, отвораат простор за дебата, промовираат демократски вредности, поддржуваат разновидност во мислењата и граѓанско учество во општеството. За да ги исполнат тие цели, медиумите треба да ги почитуваат принципите во својата работа како точност, вистинитост, непристрасност, транспарентност, правичност, заштита на децата и младите.

Интернетот како медиум овозможува секој корисник да објави своја содржина и да комуницира со секој друг корисник или медиум на интернет. Оваа размена на информации се прави најчесто преку социјални медиуми или социјални мрежи. Социјалните мрежи претставуваат форми на електронска комуникација (како веб-страници за социјална комуникација) преку кои корисниците креираат „онлајн“ заедници за споделување информации, идеи, лични пораки и други мултимедијални содржини.

Иако информирањето преку социјалните мрежи е во пораст, треба да знаеме дека тоа не може да биде замена за медиумите и новинарската работа. Медиумите работат според правила пропишани во законите на земјата, политички документи и меѓународни документи и стандарди. Новинарите внимаваат да бидат етични во својата работа, да го почитуваат правото на јавноста да дојде до вистината, да известуваат во согласност со фактите.

Со интернетот локалното може да стане глобално, пристапот до огромен број информации расте, има можност за комуникација со секој дел од светот, можност секој да сподели информација и да информира. Сепак, интернетот има и свои негативни карактеристики, како лесното пласирање на дезинформации и невистинити вести, крадењето и злоупотребата на личните податоци, вознемирување и малтретирање на интернет (сајбер булинг), говор на омраза на интернет и други појави. Поради дел од овие појави, децата треба посебно да внимаваат за безбедноста на интернет и ако мислат дека правата им се загрозени треба да се обратат кај своите родители или старатели, наставници или институции, како Дирекцијата за заштита на лични податоци или Народниот правобранител.

Поради големиот број на медиумски содржини во денешно време, примателот на информацијата – односно ние самите, треба да имаме на ум дека не секоја информација пласирана во медиумите е вистинита и точна. Затоа не треба да веруваме на сè во целост, туку треба информациите да ги проверуваме. Кога ние самите споделуваме информација која не е вистинита, учествуваме во дезинформирање на јавноста, па поради тоа имаме одговорност да ги проверуваме информациите за да се заштитиме себеси и другите од манипулации, дезинформации и пропаганда.

# Знаевте ли дека...

**1**

Дали сте знаеле дека постои **меѓународна организација Репортери без граници** која ги следи слободите на медиумите во целиот свет и секоја година објавува извештај и рангирање на земјите во светот според слободата на медиумите.

**2**

**Интернетот за прв пат** бил достапен како комерцијална услуга **во 1989 година**. А социјалната мрежа **Фејсбук** се појавува дури 15 години подоцна **во 2004 година**.

# Активност на час

- Одберете некоја домашна тема што е актуелна тој ден и потоа побарајте неколку текстови од дневни печатени медиуми или веб-медиуми. Обидете се да пронајдете две или повеќе вести кои различно ја обработуваат информацијата. Дискутирајте кои се разликите меѓу вестите. Потоа дискутирајте кои информации ви се важни за да имате доверба во вистинитоста на веста.



# Активност во заедницата

## Изработка на училиштен весник

Изработете свој весник во кој ќе опфатите теми што ви се важни. Преку практична работа и правењето на весникот ќе дознаете зошто се важни медиумите и како влијаат информациите што ги пренесуваат на ставовите и однесувањата на корисниците. Најважно е информациите да се точни, проверени и објективни – весниците не треба да пишуваат претпоставки или невистинити информации.

Поделете се во неколку групи кои заедно ќе пишуваат содржини и ќе го уредуваат весникот. Договорете различна задача за секоја група: интервјуа, анкета, истражување, фотографирање или обработка на насловната страница или графичкиот изглед на страниците. Содржини што може да ги направите се: училишна анкета (на пр. што сметате дека е добро или што треба да се смени во вашето училиште, кој наставник користи интересни методи на предавање и уживате на тие часови), интервју со ученик што остварил успех по некој предмет или натпревар, интервју со училишен психолог, текст за проблеми во училиштето (немање сапун во тоалетот, искршени клупи и сл.), но и за добрите работи што се случуваат (училишни прослави, успех на училиштето на натпревари и слични новости). Весникот може да се уреди електронски во едноставна апликација како Microsoft Word каде што постојат урнеци за вакви содржини, по што може да се испечати или да се објави на училишната веб-страница.



*Тема*

# 5 ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА

*Целта на оваа тема* е да се разбере што е држава, како е организирана власта во нашата држава и можностите на граѓаните за активно учество во општеството.



# *Општеството* и **ДРЖАВАТА**

Човекот по природа е социјално суштество. Една од неговите вродени потреби е да создава меѓучовечки односи со други човечки суштества – да комуницира, да соработува, да дискутира. Уште во далечното минато луѓето согледале дека меѓусебно се зависни и дека кога постои соработка меѓу нив, тие можат да си го олеснат секојдневието и да го обезбедат сопствениот опстанок и напредок.

Токму затоа луѓето започнале да се групираат во различни видови заедници, со што се создало општеството. Функционирањето во заедница на луѓето им овозможувало постепено да го зголемуваат своето влијание врз природата и да ги усовршуваат средствата за работа. На тој начин општеството постојано се менува и се развива. На пример, со пронаоѓањето на тркалото се овозможило полесно движење на луѓето, а со тоа и поголема комуникација меѓу нив, како и полесен пренос на храна и на материјали.

За да може да опстане општеството, луѓето комуницирале и одржувале позитивни врски, создавале заеднички правила врз основа на заеднички вредности, кои се очекувало сите да ги почитуваат. Според тоа, **општеството** претставува организирана група на луѓе кои имаат меѓусебни врски и живеат заедно врз основа на заеднички правила.

Со текот на времето се појавила потреба од постоење на **институции**, односно формално воспоставени органи што функционираат врз основа на јасно поставени правила, преку кои луѓето на организиран начин може да ги остваруваат своите потреби. Покрај институциите, во одреден степен од развојот на општеството се создала и државата, како резултат на обединување на луѓето.

**Државата** воспоставува власт, поредок, организација и одбрана на една територија и на нејзините жители. Државата обезбедува почитување на поставените правила, а со тоа и безбедност и мир во општеството. За разлика од општеството, државата поседува механизми, односно институции, преку кои може да се обезбеди луѓето да ги почитуваат воспоставените правила што се во интерес на општото добро на сите граѓани. Оттука произлегува и дефиницијата за државата како организирано општество, збир од институции што ги создаваат и спроведуваат правилата на определена територија, наменети за населението на таа територија.

Секоја држава има неколку белези: територија, население и јавна власт. Територијата е неопходна за да може да функционира државата. Тоа е всушност просторот на кој државата ја врши својата власт, одреден со јасно дефинирани граници, преку кои државата се разграничува од соседните држави. Населението го сочинуваат луѓето што живеат на определена државна територија. Населението на една држава ги опфаќа државјаните на таа држава, како и странците што престојуваат на територијата на таа држава. Кога се зборува за вршење јавна власт, тоа значи дека државите имаат надлежност да применат механизми за заштита на правниот поредок согласно законите. На пример, доколку некој граѓанин го уништува јавниот простор, полицијата има право да постапи согласно законските одредби за таков вид на прекршок.

Државите може да се групираат според голем број различни критериуми, но сепак една од најзначајните поделби е на демократски и недемократски држави. Во демократските држави власта треба да биде во согласност со уставот и законите. Тоа значи дека државните органи и институции треба да владеат исклучиво според правото и сите луѓе да бидат еднакви пред законот. Понатаму, со цел да се спречи преголема концентрација на моќ во една институција, власта е поделена помеѓу повеќе институции што се независни едни од други (поделба на власта).

Исто така е важно да се напомене дека во демократските држави власта е заснована на согласноста на мнозинството од граѓаните, односно таа е во рацете на избрани претставници по пат на фер, слободни, повеќепартиски и демократски избори. Политичката, но и општествената и економската разновидност придонесуваат за по-

добрување на општото добро на сите граѓани. На овој начин се поттикнува соработката помеѓу сите граѓани и групи во општеството, се разменуваат различни идеи и ставови и на граѓаните им се овозможува да донесуваат информирани одлуки за прашања од нивен интерес.

Во сите демократски држави уставот и институциите гарантираат заштита на основните човекови права и тоа на сите граѓани, без исклучок. Тоа значи дека покрај тоа што постојат соодветни закони, во државата има и ефективни институции преку коишто луѓето може да ги остваруваат и да ги заштитат своите права.

Во недемократските држави горенаведените елементи не се почитуваат или се значително намалени. Во нив не постои заложба за заштита и почитување на човековите права. Недемократските држави на своите граѓани не им обезбедуваат еднаквост, слобода, праведност и учество и вообичаено едно лице или мала група луѓе владее со останатите на самоволен начин. Тешко е да се измери колку е демократско некое општество, особено затоа што демократијата во државите не е еднаш засекогаш обезбедена, туку постојано се унапредува.

# Знаевте ли дека...

**1**

Кога во една држава има амбасада на друга држава, територијата каде што се наоѓа амбасадата се смета дека е **територија на државата што ја претставува**.

**2**

**Кина и Индија** се држави **со најбројно население** и заедно сочинуваат повеќе од една третина од вкупното население во светот.

# Активности на час

## Активност 1:

**РАБОТА ВО ПАРОВИ:** Споредете ги поимите држава и општество. Прикажете ги сличностите и разликите меѓу овие два поими. Потоа, презентирајте ги резултатите на ниво на паралелка.

## Активност 2:

**ИНДИВИДУАЛНА РАБОТА:** Замислете во каква држава би сакале да живеете и напишете есеј во кој ќе ги објасните карактеристиките на идеалната држава според вашите ставови. Дискутирајте за различните идеи што ќе се појават во есеите.



# Активност во заедница

## Работилница за млади за граѓанско учество

- Организирајте работилница за вас и другите ученици во училиштето во форма на предавање или отворена дискусија со лица што имаат познавања и искуство на тема: Улогата на институциите во заштита на човековите права. Прв чекор е да одредите датум, време и место каде што ќе се одржи работилницата. Потоа треба да поканите лица што имаат познавања од оваа тема – на пример: претставници на институции, претставници од локалниот младински совет во општината и други. Информирајте ги говорниците и побарајте да одржат кратко предавање или пак кус говор. По излагањата треба да биде предвиден дел за прашања и одговори, односно дискусија со присутните ученици и гостите говорници.

# **ВЛАСТА** *во функција на граѓаните*

Државата ја создале граѓаните, а населението е еден од основните белези на секоја држава. Токму затоа спроведувањето на јавната власт и политиката на државата треба да бидат во интерес на граѓаните.

Поимот политика во поширока смисла може да се сфати како процес на донесување одлуки и правила што се однесуваат на членовите на една група и се во насока на постигнување на одредени цели. Во потесна смисла на зборот, **политиката** се дефинира како активност насочена кон осмислување, организирање, водење и регулирање на заедничкиот живот на луѓето во одредена заедница, согласно нивните потреби, интереси и вредности.

Политиката често се поврзува со поимите моќ и власт. **Моќта** претставува способност на еден поединец или група луѓе да се влијае врз однесувањето на другите индивидуи, додека пак **власта** е право да се стори тоа. Власта е всушност институционализирана и **легитимна моќ**. Тоа значи дека државата треба да ја спроведува моќта во согласност со пропишаните правила (устав, закони и други акти), а пак правилата да се сметаат за оправдани и од граѓаните и од власта.

Во уредувањето на односите во општеството во демократските држави, носителите на власта се водат од заеднички цели и интереси, при што една од основните е да се обезбеди безбедност за државата и нејзините граѓани. Исто така, државата има функција да обезбеди почитување и заштита на правата на сите граѓани и да ја спроведува правдата. Државата има и голем број други функции, од различни области, како на пример: економија, култура, образование, здравство и др. Важно е дека при вршењето на функциите, носителите на власта треба да ги застапуваат интересите и потребите на граѓаните, бидејќи токму затоа биле избрани од нив на слободни, тајни и непосредни избори. Сепак, учеството на граѓаните не завршува со изборот на претставниците во власта. Покрај изборите, постојат голем број механизми преку кои се овозможува влијание на граѓаните врз одлуките на власта, односно контрола на власта.

Пред сè, на граѓаните им стојат на располагање различни форми на изразување на сопственото мислење. Тие можат да контактираат со носителите на власта (преку писмо, е-порака и слично) и да ги изразат своите ставови за одредена тема, да ги споделат своите идеи за решавање на некое прашање, да ги информираат за своите потреби или да постават некое барање и др. На пример: секој граѓанин има право до градоначалникот да доставува предлози и претставки за работата на општината. Така, доколку младите во одредена општина сакаат да има спортско игралиште можат да се обратат до општината. Исто така, граѓаните можат да учествуваат во дебати, јавни трибини и други настани каде што може да дискутираат за различни теми од јавен интерес.

Граѓаните можат да влијаат врз власта и преку здружување со други граѓани што имаат исти или слични интереси за постигнување на некоја конкретна цел. Граѓаните можат да се здружуваат во политички партии и во непартиски облици на здружување, како на пример во граѓански организации, здруженија на граѓани, синдикати, еколошки групи и други. На овој начин тие можат да влијаат врз власта преку спроведување на истражувања за одредени прашања, барање на информации за работата на власта и др. Исто така, граѓаните можат да протестираат, да штрајкуваат и слично. Всушност, преку овие механизми тие можат да влијаат власта да носи одлуки што се во интерес на граѓаните.

Некои од другите форми преку кои граѓаните можат да влијаат врз власта се граѓанска иницијатива и референдум. Преку граѓанска иницијатива граѓаните предлагаат донесување на одредени одлуки или закони што се од интерес на заедницата. Преку референдум граѓаните се изјаснуваат по одредено прашање од особена важност за заедницата.

Сите овие механизми што се предвидени во демократските држави им нудат на граѓаните можности да бидат активни креатори на демократските процеси, наместо пасивни набљудувачи.

# *Знаевте ли дека...*

**1**

Поимот политика се дефинира и како **„уметност на владеење“**.

**2**

**Седниците на советите на општините во Република Северна Македонија се јавни** и секој заинтересиран граѓанин може да присуствува без најава.

# Активност на час

**РАБОТА ВО ГРУПИ:** Користејќи ја веб-страницата на Државната изборна комисија истражете за демократските постапки и процедурите во текот на изборите. Потоа, симулирајте избори за претседател на паралелката според демократски принципи.



# Активности во заедница

## Барање до училиштето за потребите на учениците

- Дискутирајте за тоа што ви е најважно како потреба во училиштето. Според тоа што ќе го заклучите, направете листа на потреби што би сакале да ги споделите со директорот на училиштето. На пример: нефункционални светилки во некоја од училниците, недостиг од сапун во некој од тоалетите, отпадоци во дел од училишниот двор и слично. Потоа во писмена форма објаснете ги причините поради кои се обраќате до директорот на училиштето. Откако ќе го напишете барањето, доставете го до директорот на училиштето.

## Посета на општината

- Во координација со наставникот договорете посета на градоначалникот на општината. Пред посетата разговарајте во класот и направете листа на прашања што сакате да му ги поставите на градоначалникот.

  За време на посетата ќе може да се запознаете со работата на општината и градоначалникот. Потоа изработете кратка презентација за впечатоците од посетата.

# КАКО Е ОРГАНИЗИРАНА ВЛАСТА *во нашата држава*

## *Што е поделба на власта?*

Во претходните лекции научивме дека поделбата на власта е една од основните карактерстики на демократските системи. Начелото на **поделба на власта** подразбира дека власта во една држава е поделена во неколку гранки, при што секоја има посебни и независни овластувања во својата област на владеење. Целта на поделбата на власта е да се спречи концентрација на моќ во еден центар, институција или личност, со што ќе се обезбеди добро владеење.

Со поделбата на власта се воспоставува и систем на контрола и рамнотежа меѓу различните видови власт – властите меѓусебно може да се контролираат и ограничуваат. На пример, законодавната власт (собранието) ги носи законите, но судската власт (уставниот суд) има право да укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот.

## *Како е поделена власта во нашата држава?*

Поделбата на власта е всушност темелот на секоја демократија, па така и во нашата држава нема апсолутна власт. За добро владеење, власта е поделена на законодавна, извршна и судска. Секоја од трите власти има специфични цели и задачи. Нивните надлежности и одговорности се дефинирани во Уставот на Република Северна Македонија. Наједноставно кажано, законодавната власт ги донесува законите, извршната ги спроведува, а судската власт го гарантира нивното доследно почитување.

Трите вида власт се независни една од друга и ниту една власт нема право да се меша во надлежностите на другите власти. Сепак, тие мора меѓусебно да соработуваат за да се обезбеди добро функционирање на државата.

## Законодавна власт

Носител на законодавната власт во нашата држава е **Собранието на Република Северна Македонија**. Собранието е законодавен орган бидејќи е единствената институција која има надлежност да ги носи, менува и дополнува законите. Собранието е и претставнички орган бидејќи ги претставува граѓаните кои на парламентарни избори го бираат составот на Собранието на секои четири години. Избраните претставници во Собранието се нарекуваат пратеници.

Со донесувањето на законите, Собранието всушност пропишува како ќе се регулира одредена област од општественото живеење. Собранието има надлежност да го носи и менува и Уставот.

Исто така, Собранието ја избира извршната власт (Владата на Република Северна Македонија), па затоа Владата одговара пред пратениците за својата работа. Ова е еден од начините за меѓусебна контрола на работата на различните власти.

## Извршна власт

Носители на извршната власт во нашата држава се **Владата на Република Северна Македонија и Претседателот на Република Северна Македонија**. Владата ја сочинуваат Претседателот на Владата (премиер) и министрите, како нејзини членови, кои раководат со министерствата. Главната одговорност на Владата е да ги спроведува законите и другите прописи што ги носи Собранието. Бидејќи поделбата на власта подразбира и соработка меѓу властите, постои можност и Владата и да предлага закони до Собранието. Владата ја организира работата на министерствата и ја следи нивната работа.

**Претседателот на Република Северна Македонија** е исто така дел од извршната власт и е шеф на државата. Се избира на претседателски избори, со тајно гласање, со мандат во времетраење од пет години. Претежно неговите надлежности се во областа на одбраната и меѓународната политика. Тој е врховен командант на вооружените сили, раководи со Советот за безбедност и ја претставува државата дома и во странство.

## *Судска власт*

Судската власт ја вршат **судовите**, како органи што се независни од останатите власти. Главната функција на судовите е да гарантираат доследно почитување на законите, односно да судат врз основа на Уставот и законите. Со цел да се обезбеди праведно спроведување на законите, во нашата држава постојат повеќе степени на судови. На пример, доколку некој граѓанин не е задоволен од пресудата на основен (првостепен) суд, има право на жалба до апелационен (второстепен) суд.

## *Единици на локална самоуправа (општини)*

Носителите на законодавната, извршната и судската власт во нашата држава се **централни органи**. Тоа значи дека само тие имаат власт на целата територија на државата. Меѓутоа, за подобро и поефикасно остварување на државната власт, државата е поделена на повеќе **единици на локална самоуправа (општини)**. Граѓаните на локални избори избираат градоначалници и совети на општини, кои се надлежни за функционирањето на општините. Дел од надлежностите на општините се: заштита на животната средина, комунална хигиена, урбанистичко планирање, економски развој, култура, образование, спорт и друго.

# Знаевте ли дека...

**1**

Како посебен услов за **претседателските избори** во нашата држава е **кандидатот да има наполнето 40 години**.

**2**

Зградата на германскиот парламент има стаклена купола под која има патеки за движење на посетителите, чија симболика е да ги потсети пратениците дека **треба да ги застапуваат интересите на граѓаните**.

# Активност на час

**САМОСТОЈНА РАБОТА:** Направи шема/приказ на поделбата на власта во нашата држава. Спореди ја со ученикот/ученичката до тебе. Разговарајте што е добро прикажано во твојот приказ, а што во приказот на другиот ученик?



# Активност во заедница

- **Со помош на наставникот организирајте посета на институција по ваш избор:** Собрание, Влада, Претседател на државата, суд, општина. Подгответе прашања што ќе ги поставите при посетата, а потоа дискутирајте за впечатоците од посетата.

Тема 6

# ГРАЃАНИНОТ И СВЕТОТ

**Целта на оваа тема** е да ја објасни улогата на меѓународните организации, нивното функционирање и придобивките од учеството на нашата држава во нив.



# *Меѓународни* **ОРГАНИЗАЦИИ**

Државите имаат повеќе функции – зачувување на мирот и безбедноста, остварување на економскиот развој на општеството, обезбедување на заштита на правата на граѓаните и слично. За да можат државите подобро и полесно да ги остваруваат своите функции, тие започнале да соработуваат меѓу себе.

Меѓународната соработка е всушност резултат на потребата за зачувување на мирот и безбедноста во сите држави во светот, неопходноста од размена на ресурси, научни и технолошки откритија, економска и друга соработка меѓу државите. Така, во современото општество постои пораст на меѓународната трговија преку поголемо движење на производи и пари; поголем проток на податоци преку користење на современи технологии, како телефони, интернет и други; поголема културна размена (на пример извоз на филмови, музика), како и поголемо движење на луѓето, односно меѓународен туризам. Денес светот е поповрзан од кога било во историјата на човештвото. За да се опишат сите овие промени се користи поимот **глобализација.**

Придобивките што ги носи меѓународната соработка се многубројни. Пред сè, државите може да ги постигнат своите цели кои инаку не би можеле да ги остварат сами. Исто така, преку развојот на позитивни меѓународни односи, државите можат да наоѓаат различни решенија за своите проблеми, како и да ги решаваат проблемите што се заеднички за повеќе држави.

Со текот на времето за да се обезбеди заштита од попречување на соработката меѓу државите, правилата врз основа на кои почивала соработката започнале да стануваат поцврсти и појасно дефинирани. За да може да функционираат воспоставените правила во меѓународната заедница, се појавила и потреба од постоење на **меѓународни организации**.

За поимот меѓународни организации постојат повеќе дефиниции во кои најчесто меѓународните организации се дефинираат како здруженија на држави (но и други правни субјекти) што се создаваат врз основа на одредени правила и принципи за остварување на заеднички цели.

Периодот на создавањето на современите меѓународни организации започнува со создавањето на Друштвото на народите во 1919 година. Создавањето на оваа организација е директно поврзано со завршувањето на Првата светска војна. Токму поради погубните последици од војната, човештвото презело ваков напор на светски план за да можат државите во иднина организирано да се справуваат со потенцијалните нарушувања на мирот и безбедноста. Периодот на 20 век некои го нарекуваат „век на меѓународните организации“, бидејќи по крајот на Втората светска војна па сè до денес се создале голем број меѓународни организации.

Иако постојат повеќе начини на класификација на меѓународните организации, тие може да се поделат во две поголеми групи – универзални и регионални. Универзалните имаат тенденција да ги опфатат сите постојни држави, додека пак регионалните ги опфаќаат државите од еден регион.

**Организацијата на Обединетите нации (ООН)** е една од првите универзални меѓународни организации. Основана по крајот на Втората светска војна, во 1945 година, оваа организација е наследничка на Друштвото на народите. Основна цел на ООН е **зачувување на мирот во светот.**

Во составот на ООН функционираат различни тела меѓу кои и **Меѓународен фонд за деца при Обединетите нации (УНИЦЕФ)**. Основна задача на УНИЦЕФ е да се грижи за правата на детето. Тоа може да се оствари преку активности за обезбедување на основни услови за живот на децата, заштита на здравјето на децата, квалитетно образование и друго.

**Советот на Европа (СЕ)** е регионална меѓународна организација основана во 1949 година. Оваа организација ги обединува државите од Европа околу темелните демократски вредности: слобода, човекови права и владеење на правото. Советот на Европа е најпознат по Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП).

**Европската Унија (ЕУ),** каква што ја знаеме денес, е основана во 1993 година, иако нејзиното постепено создавање започнало уште во 1951 година. Оваа организација е всушност заедница на држави што се наоѓаат во Европа. Иако ЕУ како меѓународна организација има свои посебни институции и надлежности, сепак е неопходно да соработува со нејзините

држави членки. Клучните цели на ЕУ се: унапредување на мирот, воспоставување на заедничка зона на слобода, безбедност и правда, воспоставување заеднички внатрешен пазар, унапредување на економската и социјалната благосостојба на нејзините народи и зајакнување на солидарноста меѓу нејзините членки.

**Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ)** е создадена во 1975 година. Нејзината улога е насочена кон безбедносни прашања, сигурност и стабилизација на регионот на Европа, а подоцна и пошироко, со помош на демократски средства и демократско владеење.

**Северноатлантската алијанса (НАТО)** е воено-политичка организација создадена во 1949 година. Во НАТО членуваат држави од Европа и Северна Америка со цел да се обезбеди политичка и безбедносна соработка меѓу државите членки.

**Федерацијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина** е една од најзначајните хуманитарни организации во светот. Таа ги промовира хуманитарните принципи и вредности, обезбедува помош во вонредни ситуации од поголеми размери, дава поддршка за здравствена заштита и друго.

Списокот на меѓународните организации е многу долг, а уште подолг е списокот на нивните активности и мисии што придонеле за благосостојбата на човештвото. Важноста на постоењето на меѓународните организации во однос на придобивките за човештвото е непроценлива.



# Знаевте ли дека...

**1**

Во првиот член на Повелбата на ООН стои: **„Ние народите на Обединетите нации сме решени да ги спасиме идните поколенија од ужасите на војната што двапати во текот на нашите животи му нанесоа на човештвото невидени страдања“**.

**2**

Преку Меѓународниот фонд за деца при Обединетите нации (УНИЦЕФ) во 2016 година се набавиле **2,5 милијарди дози вакцини наменети за деца што немаат пристап до нив**. Со вакцинирањето на децата од загрозени средини помеѓу два до три милиони животи се спасуваат годишно од болести како сипаници, дијареа и пневмонија. На пример, од 2000 година наваму против болеста полио се вакцинирани 2,5 милијарди деца со што појавата на болеста се намалила за 99 проценти.

# Активност на час

## ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ

1. Интервладини меѓународни организации.
2. Интерневладини меѓународни организаци.
3. Глобални, универзални меѓународни организаци.
4. Регионални меѓународни организации.

Преку истражување (интернет, енциклопедии, книги и учебници итн.) се изготвува презентација за одредена меѓународна организација.

- Гр. 1. Експерти за работата на ООН.
- Гр. 2. Експерти за работата на НАТО.
- Гр. 3. Експерти за работата на СЕ (Советот на Европа).
- Гр. 4. Експерти за работата на УНИЦЕФ.





# Активност во заедница

- Поделете се во групи и лоцирајте најмалку 5 објекти во вашиот град, кои се изградени со финансиска поддршка на некоја меѓународна организација (на пример: УСАИД, Европска Унија, амбасади итн.). За секој објект наведете го името на меѓународната организација, периодот на градење, сумата на финансиски средства (доколку е достапна) и името на проектот.

  Преку оваа активност ќе дознаете колку меѓународните организации помагаат во инфраструктурниот развој на вашиот град.



# *Активност во училиште*

- Направете интервју со наставници/стручна служба во однос на придобивките на вашето училиште од учество на меѓународни организации (проекти и програми – на пример ЕРАСМУС+). Прашањата може да вклучат: 1) како меѓународните програми помогнале да се развива училиштето, 2) дали некоја организација помогнала да се подобрат инфраструктурните услови во училиштето, 3) дали наставниците имале можност да посетуваат дополнителна обука итн.

  Целта на активноста е да добиете повеќе информации за придобивките што ги има твоето училиште од поддршката на меѓународните организации.

# *Нашата држава* И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Претходно зборувавме за важноста на соработката помеѓу државите во светот. Тоа важи и за нашата држава. Преку соработка со други држави и меѓународни организации нашата држава побрзо се развива, подобро комуницира и тргува, станува побезбедна и подобро се грижи за своите граѓани. Постојат повеќе начини на коишто меѓународните организации соработуваат и им даваат поддршка на државите членки.

Меѓународните организации донесуваат различни акти (на пример: договори, одлуки, регулативи) коишто потоа државите ги преземаат и во домашното законодавство за да се регулираат подобро одредени прашања од општественото живеење. На пример, Република Северна Македонија во процесот за пристапување кон **Европската Унија (ЕУ)** го усогласува домашното законодавство со законодавството на ЕУ.

Меѓународните организации исто така може да имаат и советодавна улога за државите членки – да донесуваат мислења и препораки за одредени прашања или да формираат различни советодавни тела за таа цел. Нашата држава со зачленувањето во Организацијата на Обединетите нации (ООН) стана членка на сите специјализирани агенции, програми и фондови од системот на ООН. На пример, како дел од ООН, УНИЦЕФ во нашата држава преку давање препораки, спроведување истражувања и обезбедување поддршка, придонесува за заштита на правата на децата, подобрување на здравјето и воопшто на животот на децата, како и подобрување на образованието.

Во некои случаи, меѓународните организации ги промовираат и ги штитат човековите права. На пример, со приклучувањето на нашата држава како членка на Советот на Европа, на граѓаните им е овозможено да поднесат тужба поради повреда на некое право кое произлегува од Европската конвенција за човекови права пред Европскиот суд за човекови права како орган на Советот на Европа.

Исто така, меѓународните организации може да обезбедат и пристап до фондови за развој за државите. Преку располагање со такви фондови, државите можат да го забрзаат сопствениот развој и да го подобрат неговиот квалитет. На пример, Европската Унија обезбедува фондови за развој на државите членки, но и земјите кандидати за членство, како што е нашата држава. Со средствата од овие фондови граѓаните, фирмите и институциите можат да инвестираат во нови знаења, вештини, технологии и друго. Исто така, преку фондови на УНЕСКО (организација при ООН), нашата држава работи на зачувување на културните и природните наследства што се наоѓаат на нашата територија.

Соработката со меѓународните организации може да биде и во насока на зајакнување на безбедноста на државата. Ваков пример е Северноатланската алијанса (НАТО) во која Северна Македонија е земја кандидат за полноправно членство.

Исто така постојат и меѓународни организации фокусирани на хуманитарна помош и соработка, како на пример **Црвениот крст** во нашата држава, кој во 1995 година стана полноправен член на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Согласно со одредбите и поддршката на Федерацијата, Црвениот крст постојано работи и придонесува за спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и  здравјето. Тој, исто така, ги поттикнува волонтерските активности заради давање помош, особено во случај на несреќи од секаков вид.

Иако различни меѓународни организации се формирани поради различни цели, заедничко за сите нив е тоа што сите тие работат во насока на зголемување на соработката со државите, поддржување на развојот на државите, како и подобрување на животот на граѓаните воопшто. Со приклучувањето на нашата држава кон меѓународните оргазниации, нашите граѓаните стануваат и граѓани на светот.

# Знаевте ли дека...

**1**

Во 1979 година било одлучено од УНЕСКО дека **Охридското Езеро** ќе влезе во категоријата **„Светското наследство на УНЕСКО“** како легално заштитена област, најстарото езеро на светот и едно од најдлабоките во светот, кој е дом на преку 200 ендемски видови.

# Активности на час

## ИСТРАЖУВАЊЕ:

- Истражете кои претставништва на меѓународни организации се наоѓаат во нашата држава. Потоа поделете се во групи и изберете една од овие организации и истражете кои активности ги спровеле во изминатата година. Презентирајте ги наодите пред другите соученици.
- Истражете објекти или природни средини што се наоѓаат во нашата држава и се заштитени од УНЕСКО. Потоа поделете се во групи и изберете еден локалитет или природна средина заштитена од УНЕСКО и истражете кои активности се преземени за заштита. Презентирајте ги наодите пред другите соученици.

## ДИСКУСИЈА:

Дискутирајте за влијанието на глобализацијата врз развојот на државите и за улогата на меѓународните организации во овој процес.

Разговарајте за тоа како современите промени влијаат врз секојдневниот живот на луѓето, особено во споредба со минатото. Може да дискутирате за повеќе аспекти, како на пример меѓународна трговија, културна размена, технолошки напредок и слично. Доколку се појават различни ставови, дебатирајте за нив.

Заклучоците запишете ги во вид на аргументи.

Наведете три аргументи за предностите и три аргументи за предизвиците поврзани со глобализацијата.

# *Користена литература*


Армстронг, К. (2008). *Битката за Бога.* Евро Балкан Пресс.

Атанасов, П. (2003). *Мултикултурализмот како теорија, политика и пракса.* Евро Балкан Пресс.

Базерковска, Ј., Биерман, Е., Болдт, Г., Френг Дејл, Е., Герлах, П., Гогл, И., Шеги, М., Селун, Б., Торал Мартинез, Г., Токслер, Д. И Вулф, Антониа. (2014). *Декларација и прирачник за средношколци.* Младински образовен форум.

Бајалџиев, Д. (2007). *Вовед во правото*. Академски печат.

Бенедек, В. ур. (2006). *Разбирање на човековите права: Прирачник за едукација од областа на човековите права*. Македонски Информативен Центар во соработка со Директоратот за јавна дипломатија при Министерството за надворешни работи на Република Македонија. (достапно на: http://www.etc-graz.at/typo3/fileadmin/user_upload/ETC-Hauptseite/manual/versionen/macedonian/RAZBIRANJE_NA_COVEKOVITE_PRAVA_-_Priracnik_za_edukacija_od_oblasta_na_covekovite_prava.pdf)

Георгиевска, Б., Петровска, М., Ристов, Д., Соколова, В., Андонова, М., Љубиноски, Г., Ристеми, А., Реџепи, Ф., Мерковска, М. и Јовческа, С. (2015). *Младите одлучуваат, развој на младински локални совети.* Младински образовен форум и Центар за меѓукултурен дијалог.

Георгиевска, Е. и Новеска, Љ. (2016). *Анализа на случаи од стратешко застапување.* Адд-Верта ЛТД дооел.

Голоб, Р. и Краф, П. (2008), *Живеење во демократија.* Совет на Европа. (достапно на: http://www.living-democracy.com/mk)

Голоб, Р. и Краф, П. (2010), *Растење во демократија.* Совет на Европа.

Грнчаревки, В. и Бачовска, Ј. (2013). *Основи на правото*. Министерство за образование и наука на Република Македонија.

Додовски, И. ур. (2005). *Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување.* Фондација Институт Отворено Општество.

Европски суд за човекови права, Совет на Европа. (1950). *Европска конвенција за заштита на човековите права.* Европски суд за човекови права, Совет на Европа. (достапно на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf)

Избутс, П. (2005). *Мојсеј, Исус, Мухамед-Археолошка историја на трите вери.* АЕА.

Кениг, Н. и Дедова, Р. (2013). *Прирачник за наставници во основните училишта за теми од областа на сексуалното и репродуктивното здравје и права.* ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување.

Климовски, С., Каракамишева Т. и Дескоска Р. (2009). *Политички систем.* Академски печат.

Комисија за односи со верските заедници. (2010). *Верски Алманах на Република Македонија.* Комисија за односи со верските заедници.

Котевска, Б. (2013). *Водич за основи за дискриминација*. Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Кочовски, М. (2013). *Меѓународни организации и интеграции*. Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Линк, Т. (2000). *Историја религије истока и запада.* Српска књижевна задруга.

Лукић, Р. (1982). *Социологија морала.* Научна књига.

Македонска академија на науките и уметностите. (1995). *Социолошки терминолошки речник.* Македонска академија на науките и уметностите.

Мисија на ОБСЕ во Скопје. (2010). *Возраст, контакт, перцепции - Како училиштата ги оформуваат релациите помеѓу етничките заедници.* Мисија на ОБСЕ во Скопје.

Мисија на ОБСЕ во Скопје. (2011). *Прирачник, Социјални вештини и одговорности на наставници и стручни соработници во училиштето.* Мисија на ОБСЕ во Скопје.

Митрова, К., Низамовски, Д., Поповска, Т., Марковска, А., Калевска, Ф., Кочковска, К., Божовиќ, С. И Анастасовска, С. (2015). *Учиме право, учебник за граѓански и политички слободи и права.* Младински образовен форум.

Мицковска Г., Чешларов М. и Мицковска-Ралева А. (2016). *Реализација на наставата по граѓанско образование во основните училишта – Извештај од испитувањето.* Македонски центар за граѓанско образование.

Негриевска, Ф., Балажи, С., Николоски-Алушески, С. и Дедова, Р. (2009). *Прирачник за образование за животни вештини за VII-IX одделение.* Биро за развој на образованието. (достапно на: http://umd.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/Priracnik-za-obrazovanie-za-zivotni-vestini-od-VII-do-IX-oddelenie.pdf)

Организација на обединетите нации (ООН). (1948). *Универзалната декларација за човекови права.* Организација на обединетите нации (ООН). (достапно на: http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/)

Павичевич, В. (1974). *Основи етике.* БИГЗ.

Петроска-Бешка, В. (1995). *Конфликти: што претставуваат и како се разрешуваат.* Филозофски факултет.

Петроска-Бешка, В. и Најчевска, М. (2018). *Од етнички до граѓански национализам преку основното образование*. Центар за човекови права и разрешување конфликти.

Петроска-Бешка, В., Дедова, Р., Негриевска, Ф., Балажи, С. и Николоски-Алушески, С. (2011). *Образование за животни вештини, прирачник за наставници од средните училишта.* Биро за развој на образованието.

Реџепи, З. (2011). *Обединета Европа од идеја до реализација*. АРС-33 Тетово.

Сеќавање во движење, педагошка алатка за културата на сеќавање, прирачник, 2016, ЗФД Форум, Сараево.

Тејлор, Ч. (2004). *Мултикултурализам – Огледи за политиката на признавање.* Евро Балкан Пресс.

Фрчкоски, Љ. Д., Георгиевски, С., Петрушевска, Т. (2012). *Меѓународно јавно право*. Магор.

Ценевска, М. (2006). *Компас. Прирачник за образование на младите луѓе за човековите права.* Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Шкариќ, С. и Силјановска–Давкова, Г. (2009). *Уставно право.* Култура.

Bojd, E. (2002). *Novinarstvo u elektronskim medijima. Metodi pripreme radio i televizijskih vesti.* Clio.

Brigs, A. i Berk, P. (2006). *Društvena istorija medija.* Clio.

Dačič, S. (2006). *Sociologija religije i verska tolerancija, Vo Religija i tolerancija*. Čigoja Štampa.

Dardić, D. i Milojević, M. (2010). *Priručnik za izvještavanje o marginalizovanim grupama.* Grafid.

Eko, U. (1973). *Kultura, Informacija, Komunikacija.* Nolit.

Elijade, M. (1996). *Vodić kroz svetske religije.* Narodna knjiga Alfa.

Forumi QHSD (2014). *Doracak për qytetari aktive*. Shkolla për qytetari aktive, Forumi QHSD.

Giddens, A. (2001). *Sociology*. Polity Press in association of Blackwell Publishers a Blackwell Publishing Company.

Griffiths, R. (1998). *Video journalism*. Focal Press.

Hamilton, N. (2007). *Analysis-Web Model Not Necessarily Papers Savior.* PR Week.

Haralambos, M. i Holborn, M. (2002). *Sociološke teme i perspektive*. Golden marketing.

Janković, J. (2004). *Savjetovanje u psihosocijalnom radu.* Nacionalna Sveučilišna knjižnica.

Joksimović, S. (2003). *Odnos mladih prema pripadnicima pojedinih društvenih grupa i verskih zajednica.* Institut za pedagoška istraživanja.

Koković, D. (2007). *Društvo i medijski izazovi. Uvod u sociologiju masovnih komunikacija.* Novi Filozofski fakultet – Odsek za medijske studije.

Pavičevič, V. (1986). *Sociologija religije-sa elementima filozofije religije.* BIGZ.

Peoples, J. and Cengage, G.B. (2009). *Humanity: An Introduction to Cultural Anthropology.* Cengage Learning.

Price, S. (1994). *Media Studies.* Pitman Publishing.

Qendra për bashkëpunim ballkanik "LOJA". (2015). *Manual për multikulturalizëm.* Qendra për bashkëpunim ballkanik "LOJA".

Read, D. (1992). *The Power of News: The Story of Reuters.* Oxford.

Suhler-Stivenson, V. (2006). *Communications Industry Forecast.* Veronis Suhler Stevenson.

Šušnjič, Đ. (1997). *Dijalog i tolerancija.* Čigoja Štampa.

Tadić, Lj. (1987). *Ogledi o javnosti.* Univerzitetska riječ.

Temkov, K. (2003). *Etika za mlade.* Bajka.

Tjurou, Dż. (2013). *Mediji danas. Uvod u masovne komunikacije I.* Clio.

Tjurou, Dż. (2013). *Mediji danas. Uvod u masovne komunikacije II.* Clio.

Tomić, Z. (2003). *Komunikologija.* Čigoja.

United Nations New York and Geneva. (2004). *Teaching Human Rights. Practical activities for primary and secondary schools.* United Nations New York and Geneva.

Vernon, M.G. (1962). *Sociology of Religion*. McGraw, Hillbook Company.

Žižak, A. ur. (2009). *Izazovi grupnog rada s djecom, mladima i odraslima u riziku.* Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet.